инклузивен тим и инклузивен тим за ученик. Училишниот инклузивен тим со својата работа на ниво на цело училиште ќе се залага да обезбеди подеднакво образование и воспитание на учениците со ПОП, ќе се залага да се надминат предрасудите и се повеќе да се почитуваат различностите.

Членови на училишен инклузивен тим:
Директор, стручни соработници, одделенски наставник, предметен наставник, родители.

Инклузивниот тим за ученик се фокусира на работата со конкретен ученик за кој се изготвува, реализира и оценува според индивидуален образовен план, модифицирана програма или прилагодувања во наставата.

Членови на инклузивен тим на ученик:
Наставници кои му предаваат на ученикот, стручни соработници, родители.

За учениците со посебни образовни потреби во соработка со родителите и инклузивниот тим се изготвува прилагодување во наставата, индивидуален образовен план, односно се изготвуваат програми во зависност од потребите на учениците со кои се работи и се оценува по истите.

За учениците кои имаат потешкотии при совладувањето на наставните содржини, се работи со диференциран пристап и се планираат активности во рамките на дневните планирања и програмите за дополнителната настава.

Ресурсен центар на нашето училиште е ОПУ “Иднина ” –Скопје.

## 8.14 Туторска подршка на учениците

По донесување на Програмата за обезбедување на туторство на ученици од страната на Министерот училиштето согласно чл.36 од Закон за основно образование ќе се имплементира туторство на ученици.

## 8.15. План на образовниот медијатор

/

# 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

## 9.1. Училишни спортски клубови

Училиштниот спортски клуб „Марко Цепенков-Зелениково“ е формиран на 27.01.2017 година. Одговорни наставници по физичко и здравствено образование се Љупчо Рафески и Александар Мирчевски

Општа цел е остварување на заеднички јавен интерес за организирано бавење со спорт и спортски активности на учениците од училиштето.

Посебни цели на УСК се:

- Поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето;
- Развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи;
- Води грижа за одржување при користење на објектите за спорт;
- Се грижи за здравствената заштита на спортските-членови на клубот;
- Го стимулира развојот на секциите и спортските школи во рамките на клубот;
- Стручно усовршување на наставниците и тренери на спортските секции;
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила, прописи, договори и сл.;

Соработува со други училиште, клубови и други спортски организации.
Училишниот спортски клуб „Марко Цепенков-Зелениково“ е член на најблискиот Општински сојуз како и член на Федерацијата на училишен спорт на Република Северна Македонија и е вклучен во системот на натпревари кои ги организира федерацијата.

*<u>СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ</u>*

Училишниот спорски клуб има два спорта кошарка и фудбал во кои членуваат педесетина ученици.Овие вонннаставни активности ќе се реализираат по завршувањето на часовите.

Во рамките на реализацијата на спортските активности и што помасовно опфаќање на учениците кои сакаат да се занимаваат со спорт, УСК ќе формира повеќе секции во разни спортови како што се: кошарка, одбојка, фудбал, ракомет. За таа цел се изготвени стручни програми за работа за секоја спортска секција поодделно со распоред на тренинзите и натпреварите на секциите.

<u>НАТПРЕВАРУВАЧКИ АКТИВНОСТИ</u>

Покрај редовните тренинзи, спортските секции и екипи на клубот и училиштето, ќе имаат и натпреварувачки активности со учество на училишни натпревари организирани од соодветните училишните спортски асоцијации. Секциите и екипите на клубот во наведените спортови, ќе земат учество на натпревари на локално ниво кои ќе ги организира клубот, општинскиот сојуз и локалната самоуправа, потоа на регионално ниво и државно ниво во организација на соодветните државни спортски федерации, како и на меѓународно ниво во рамките на соработката со училишни спортски клубови и друштва од други земји.

**КОШАРКА/ФУДБАЛ**

**ЧАСОВИ –НЕДЕЛНО (1 – ГОДИШНО (36)**

| Р.б | ПРОГРАМСКИ ТЕМИ | ВКУПНО | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| | Фудбал | 36 | Септември – Јуни |
| | Кошарка | 36 | Септември – Јуни |
| | 1. Прва фаза ја подобрува општата физичка способност на учениците | 6 | Септември – Октомври |
| | 2. Вт.фаза Техниката на изведба на елементите од кошарка | 12 | Октомври – Декември |
| | 3. Трета фаза Тактика – Индивидуална, групна и контранапад | 12 | Јануари – Април |
| | 4. Четврта фаза Игра Кошарка –контролни натпревари | 6 | Мај – Јуни |
| | 5.учество на натпревари на локално, регионално ниво и државно ниво | | Во текот на годината. организирани од соодветните училишните спортски асоцијации. |
| | | 72 | |

**МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

СОПСТВЕНИ ФИНАНСИИ

Доброволна членарина од учесниците во спортските школи
Спонзори и донатори
Самофинансирање од страна на родителите

**ФИНАНСИИ ОД БУЏЕТ**

Средства од буџетот на општината
Средства од соодветната училишна спортска асоцијација

СПОНЗОРИ И ДОНАТОРИ

Периодични барања до стопанските и нестопанските организации
Изготвување на проект-програми за активности од областа на спортот, спортската рекреација и здравствени акции и манифестации за конкурирање кај соодветните општински и државни институции како и кај странски.

## 9.2. Секции

Со цел да се поттикнува и негува љубопитноста, самостојноста и креативноста кај учениците, да се негува доследноста и истрајноста во извршувањето на задачите, да се развиваат мотивите и условите за афирмирање на личноста на ученикот, како и да се создаваат навики за правилно користење на слободното време во училиштето се организираат слободни ученички активности во одделенска и предметна настава. Слободните ученички активности ќе се организираат преку формирање на тимови во кои учениците се вклучуваат според своите слободни определби и афинитети. На почетокот на учебната година од страна на стручните соработници во училиштето ќе се спроведува Анкета за Заинтересираноста на учениците за влучување во слободните ученички активности. На учениците ќе им се даде можност да учествуваат и во планирањето на програмските активности за воннаставните активности. Работата на тимовите ќе се одвива според однапред подготвени програми под раководство на предметен или одделенски наставник.

Секции во предметна настава

| **Подрачје** | **Секција** | **Одговорен наставник** | **Бр на час.** |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | Литературно-драмска секција | Сања Соларова Андовска<br>Горан Кошчицовски | 36 |
| Англиски јазик<br>Германски јазик | Јазична медиатека | Маја Божиновска<br>Силвана Велинова | 36 |
| Македонски јазик | Библиотекарска | Славка Буковска | 36 |
| Ликовно | Ликовна секција | Жаклина Бошковиќ | 36 |
| Фотографија и филм | Фотографи и режисери | Софија Стојменова | 36 |
| Секција по моден дизајн | Моден дизајн | Ленче Павиќевиќ | 36 |
| Секција пинг понг | Пинг понг | Александар Мирчевски | 36 |
| Народни ора | Народни ора | Љупчо Рафески | 36 |

**ПРИЛОГ – ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА СЕКЦИИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**

| **Назив на секција** | **Јазична медијатека** |
|---|---|
| **Одговорен наставник за секција** | Маја Божиноски,<br>Силвана Велинова |
| **Одговорен за реализација** | Маја Божиноски,<br>Силвана Велинова |
| **Знаења, вештини и ставови** | Секцијата треба да им овозможи на учениците:<br>- другарување и рекреирање преку најразлични видови активности со кои истовремено ќе се запознаат со нови култури и обичаи и ќе го прошират знаењето на странскиот јазик;<br>- стекнување знаења, вештини и ставови определени од Националните стандарди за основното образование: личен и социјален развој, демократска култура и граѓанство и дружење и учење преку забава и рекреација; - унапредување на физичкото и менталното здравје; - развој на самодовербата - интерперсонална комуникација и почитување на другите (дружење, соработка, заедништво, толеранција) -тимска работа, групно одлучување и решавање проблеми/конфликти. |
| **Временска рамка и број на часови** | **Учесници и активности** |
| 1 час – последна недела во октомври: за одбележување на **Halloween** | ученици од 7мо-9то одд<br>- Запознавање со активности што се изведуваат по повод празникот во Западниот свет, дискусија за одбележувањето на денот на починатите во нивната средина и глумење Trick or treat |
| 1 час – последна недела во декември: за одбележување на **Christmas/ Weihnachten** и **NewYear /Neues Jahr** | ученици од 7мо-9то одд<br>- Запознавање со духовните вредности на **Божиќните празници**, дискусија за празнувањето во нивниот дом, изработка на подароци/избор на најдобар рецепт за Божиќни колачиња |
| 1 час – втора недела во февруари: за одбележување на **Valentine** | ученици од 7мо-9то одд<br>- Запознавање со активности што се изведуваат по повод празникот,односно денот на вљубените, дискусија за вреднување на љубовта кон другите во нивната средина и глумење Happy Valentine |
| 1 час – прва недела во март: за одбележување на **8ми март/ Frauentag** | ученици од 7мо-9то одд<br>- Запознавање со историјата на празникот и споредба со празнувањето на **Денот на мајките/татковците** во Западниот свет, изработка на честитки |
| 1 час –трета недела во април: | ученици од 7мо-9то одд |

| | |
|---|---|
| за одбележување на **Денот на планетата Земја** | - Осознавање на значењето на денот и негување на еколошката свест, уредување пано со соодветни содржини |
| 1 час – последна недела во април: за одбележување на **Easter / Ostern** (МИО – мешовита работилница) | ученици од 7мо-9то одд од централното и подрачните училишта<br>- Осознавање на сличности и разлики во прославувањето на **Велигден** и **Бајрам** кај нас и во светот, изработки поврзани со празниците |

| Назив на секција | Ликовна секција |
|---|---|
| Одговорен наставник за секција | Жаклина Бошковиќ |
| Одговорен за реализација | Предметен наставник по Ликовно Образование – стручна служба |
| Знаења, вештини и ставови | Стекнати знаења за ликовни елементи карактеристики цртачки и сликарски вештини и ставови со личен потпис во ликовните творби |
| Временска рамка  и број на часови | 36 часови |

| **ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ** | |
|---|---|
| Назив на секцијата: | Ликовна секција |
| Одговорен наставник: | Жаклина Бошковиќ |
| Учесници: | 40 - 50 ученици од 6 до 9 одделение |
| Цели: | -Стекнување знаења, вештини и ставови за запознавање на ликовната уметност и ликовното образование :<br>-Препознавање на видови линии бои и тонови нивната функција во ликовната уметност.<br>-Големината на уметноста имитација,волумен,дводимзнионална и тродимензионална форма и својства на бојата. |
| посебни цели | -Унапредување и примена на разновидни линии,топли и ладни бои,соколористички акцент примена на хармонија на комплементари бои и тонови по принцип на сличности и различности на боите.Третирање на светлината-валер во цртежот и сликита.Ахроматско компонирање.Тонски клучови.Просторност со видови на перспектива.<br>-Унапредување на физичкото и менталното здравје;<br>-Развојот на самодовербата<br>-Интерперсоналната  комуникација и почитување на другите (дружење, соработка, заедништво, толеранција)<br>-Тимска работа, групно одлучување и решавање проблеми/конфликти; |
| Подрачје, содржини и активности: | -Секцијата треба да овозможи учениците да другаруваат и да се рекреираат преку најразлични видови друштвени игри,да стекнуваат нови знаења за ликовните елементи,нивните карактеристики,да ги препознаваат и менуваат како и да ги применат во ликовно творечка работа,користејќи имагинација,креативнност и индивидуалност |

| | |
|---|---|
| | што се играат на голем отворен или затворен простор.<br>-При реализација на активностите во секцијата учениците ќе се прегрупираат во различни екипи кои, со забавни игри, ќе се „натпреваруваат“ едни против други.<br>- Во реализацијата на секцијата ќе бидат вклучени и одделенските наставници,и други наставници од други предмети по потреба.<br>-Одбирање поуспешните ликовни творби треба да бидат стекнати со знаења од областа на уметноста,да бидат совладани цртачките вештини и да се употребуваат разни сликарски материјали и техники изнајдени со сопствен стил и потпис на ликовните творби.Ликовните творби ќе бидат создавании солидни според возраста, способностите и можностите како и солидноста на учениците во ликовна творечка работа. |
| Време и динамика на реализација: | 1 период – 1 недела во октомври: украсување на училишниот хол во училиштето<br>3 недела во октомври на излет- украсување на паноата во училницата<br>2 период – 3 и 4 недела во март – уредување на кабинетот во училницата и кабинетот по ликовно образование.<br>3 период – месец април и мај по 1 час во 2 и 4 недела – разновидни ликовни активности со цртежи и пооуспешни ликовни творби и решенија изработени од учениците во ликовната секција |
| Простор за реализација: | Училница,кабинет по ликовно образование отворен или затворен простор за непречен развој на ликовните активности. |
| Опрема и ресурси: | -Комотна облека на пример широки маици тренерки – работни мантили и слично.Неопходни сликарски материјали за работа пример: листови,блокови,четки,чаши за вода,палети,бои-од сите видови,фломастери моливи,хартија во боја и слично. |
| Следење на учеството: | -Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник. Придонесот на секој ученик во иницирањето различни ликовни творби, и ангажирањето за време на реализацијата и учеството во подготовката на ликовно творечка равота ќе биде вреднувано од страна на одделенските наставници и одговорниот наставник |

| Назив на секција | Литературно-рецитаторска секција |
|---|---|
| Одговорен наставник за секција | Сања Соларова Андовска и Горан Кошицовски |
| Одговорен за реализација | Предметени наставници по македонски јазик – стручна служба |
| Знаења, вештини и ставови | Развивање љубов кон пишаниот збор,развивање на уметничкиот однос кон туѓиот и својот пишан збор,да се побуди интерес за рецитирање и правилна дикција при рецитирање,да се поттикнат учениците за рецитаторска и драмска уметничка изведба-развој на самодовербата ,интерперсонална комуникација и почитување на другите (дружење, соработка, заедништво, толеранција) - тимска работа, групно одлучување и решавање проблеми/конфликти. |

| | |
|---|---|
| Временска рамка и број на часови | 36 часови |

| ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ | |
|---|---|
| Назив на секцијата: | Литературно – рецитаторска драмска секција |
| Одговорен наставник: | Сања Соларова Андовска и Горан Кошицовски |
| Учесници: | 30 -40 ученици од 6 до 9 одделение |
| Цели: | Развивање љубов кон пишаниот збор,развивање на уметничкиот однос кон туѓиот и својот пишан збор,да се побуди интерес за рецитирање и правилна дикција при рецитирање,да се поттикнат учениците за рецитаторска и драмска уметничка изведба |
| посебни цели | -развојот на самодовербата<br>- интерперсоналната комуникација и почитување на другите (дружење, соработка, заедништво, толеранција)<br>- тимска работа, групно одлучување и решавање проблеми/конфликти;<br>-да стекнат знаење за македонската поезија и драма и најпознати македонски поети<br>-да се оспособат за самостојно вреднување доживување на поетската творба |
| Време и динамика на реализација: | септември<br>-формирање на литературно – рецитаторска драмска секција<br>-запознавање со програмата<br>октомври<br>-формирање на групи за рецитал и драматизација<br>-вежби за правилно читање<br>-подготовка за рецитал,драма<br>ноември<br>-твориме по повод патронатот на училоиштето<br>-Марко Цепенков (живот и дело)<br>-учество на приредбата по повод патрониот празник<br>декември<br>-Климент Охридски (живот и дело)<br>-читање на личните творби и разговор за нив за Нова година<br>февруари<br>-меѓународен ден на мајчиниот јазик<br>-пишување лични творби<br>-литературно читање<br>март<br>-читање,анализа на литературна творба посветени на ликот мајка<br>април<br>-индивидуално творење на тема Велигден<br>-ден на планетата Земја<br>Мај<br>-посета на саем на книгата<br>-реферат живот и дело на браќата Кирил и Методиј<br>јуни<br>-извештај за работата на литературно – рецитаторска драмска секција во текот |

| | |
|---|---|
| | на учебната 2023/2024 година<br>-разговор за постигнатите резлутати на оваа секција |
| Простор за реализација: | Училница /библиотека |
| Опрема и ресурси: | - книги,соодветна литература |
| Следење на учеството: | -Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник. |

**Планирање на програмата за секција Моден Дизајн за учениците од шесто до деветто одделение од ЦОУ,,Марко Цепенков" - Зелениково**
**Одговорен наставник: Ленче Павиќевиќ**

| ЦЕЛИ НА СЕКЦИЈАТА | ЦЕЛНА ГРУПА | НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЦЕНУВАЊЕ |
|---|---|---|---|
| -Проширување на основните знаења и способности од областа на моден дизајн<br>-Да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни)<br>-Да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури<br>- да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност<br>-Развивање способности за користење информатичка технологија | Ученици од 6 до 9 одд. кои покажуваат интерес за стекнување на знаења од областа на моден дизајн , креативци и уметници | - Во глобалниот свет важно е да се има креативни, критички граѓани.<br>- Истражување и разгледување на традиционални облеки, музички стилови на облекување, спортска облека, униформи, од почетокот на човештвото на се до денес (изработка на хамери со фотографии од различни дизајни низ времето)<br>- Опис на современите модни стилови и трендови денес и опис на личниот стил на облекување (како избираме облека)<br>- Изработка на сопствен моден дизајн според идеја<br>-Анализа на резултатите од работата и постапката при работа. | -поттикнување на учениците за успешно решавање на проблеми;<br>-разговор со ученикот за да се добијат сознанија за неговото логичко размислување, креативност и дизајн;<br>-континуирано следење на односот на ученикот кон работата, покажаната иницијативност, љубопитност, самостојност, точност во искажувањето и истрајноста во извршувањето на обврските;<br>-континуирана проверка на стекнатите знаења, способности и вештини;<br>-користење на ИКТ. |

| реден број | СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ЧАС** | | -запознавање со целите и задачите и работата на секцијата | **Прва седмица во септември** |
| 1. | **Моден дизајн на облека** | - Ученикот преку фотографија осознава за моден дизајн<br>- - Се запознава со модниот дизајн, неговата примена и важност како визуелен и декоративен елемент во различните области и сфери на употреба како што се, културата, спортот, музиката, филмот<br>- омилени бои, предмети, места, важни личности и најубавата слика од себе<br>- Изготвување на изложба од фотографии со креирана облека од учениците | **1 - ПОЛУГОДИЕ** |
| 2. | **Шминка** | - **дизајнирање елементи на убавина и стил (фризура,шминка,накит и слично**<br>- Ученикот изготвува сценарио, доделува улоги, избира костими и шминка на зададена тема | **2 - ПОЛУГОДИЕ** |

**Наставата на секцијата ќе се реализира секоја втора седмица по два блок часа ( 36 часа годишно )**
**Во реализацијата се предвидени посети на разни модни студија како и тековни настани и изложби доколку се организираат на територија на град Скопје.**
**Во реализацијата се предвидени и изработки на изложби во рамките на училиштето.**

**Просторија**: Кабинети во училиште, училишен двор, како и околината на Зелениково и град Скопје, при реализирање на екскурзии и местата кои ќе се посетат.

**Опрема и ресурси** :
 Компјутер,Интернет,
 Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, фломастери, мрсни боици, бајц, лавиран туш, перце, креди, дрвце, јаглен, природни и вештачки материјали, штафелаи)
 Средства и материјали за сликање (акварел, темпера, пастел, материјал за колажирање)

 Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, книги, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти
финансиски сретства за еднодневно користење на јавен превоз(обезбедени од донатори)

**Следење на учество и развој на учениците :** Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник. Придонесот на секој ученик во иницирањето и ангажирањето за време на реализацијата на целокупната работа ќе биде вреднувано од страна на одговорниот наставник.

**Одговорен наставник: Ленче Павиќевиќ**

**Планирање на програмата за секција Фотографи и режисери за учениците од шесто до деветто одделение од ЦОУ,,Марко Цепенков" - Зелениково**
**Одговорен наставник: Софија Стојменова**

| ЦЕЛИ НА СЕКЦИЈАТА | ЦЕЛНА ГРУПА | НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЦЕНУВАЊЕ |
|---|---|---|---|
| Проширување на основните знаења и способности од областа на фотографијата филмот<br><br>Ппоглед кон самите себе, поглед кон нашиот свет и светот на другите на нов начин, како и учење за комуникација со слики и преку слики.<br><br>Развивање способности за користење информатичка технологија | Ученици од 6 до 9 одд. кои покажуваат интерес за стекнување на знаења од областа на фотографијата и филмот , креативци и уметници | - Фотографиите може да мотивираат за вербалното изразување/говорењето или пак за пишувањето.<br>- Во глобалниот свет на визуелни медиуми, важно е да се има креативни, критички и визуелно писмени граѓани.<br>- Решавање проблемски ситуации од секојдневието на еден ученик;<br>- Подршка на учениците при оспособувањето за користење на камера и компјутерски програми за обработка на фотографија и филм;<br>-Анализа на резултатите од работата и постапката при работа. | -поттикнување на учениците за успешно решавање на проблеми;<br>-разговор со ученикот за да се добијат сознанија за неговото логичко размислување, креативност и дизајн;<br>-континуирано следење на односот на ученикот кон работата, покажаната иницијативност, љубопитност, самостојност, точност во искажувањето и истрајноста во извршувањето на обврските;<br>-континуирана проверка на стекнатите знаења, способности и вештини;<br>-користење на ИКТ. |

| реден број | СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| | **ВОВЕДЕН ЧАС** | -запознавање со целите и задачите и работата на секцијата | **Прва седмица во септември** |
| 1. | **ФОТОГРАФИЈА** | - Ученикот преку фотографија се осознава себеси, омилени бои, предмети, места, важни личности и најубавата слика од себе | **1 - ПОЛУГОДИЕ** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Изготвување на изложба од фотографии | |
| 2. | **ФИЛМ** | - Ученикот ги совладува техниките за креирање и монтажа на анимиран и куклен филм.<br>- Ученикот изготвува сценарио, доделува улоги, избира костим и снима филм на зададена тема од секојдневието на учениците.<br>- Изготвување на проекција на снимените филмови | **2 - ПОЛУГОДИЕ** |

**Наставата на секцијата ќе се реализира секоја втора седмица по два блок часа ( 36 часа годишно )**
**Во реализацијата се предвидени посети на разни фотостудија или филмски студија (МТВ) како и тековни настани и изложби доколку се организираат на територија на град Скопје.**
**Во реализацијата се предвидени и изработки на изложби и проекции во рамките на училиштето.**

**Просторија**: Кабинети во училиште, училишен двор, како и околината на Зелениково и град Скопје, при реализирање на екскурзии и местата кои ќе се посетат.

**Опрема и ресурси** : компјутери во училницата,лични паметни телефони, интернет врска за компјутери,печатени материјали , материјали за изработка на проекти, финансиски сретства за еднодневно користење на јавен превоз(обезбедени од донатори)

**Следење на учество и развој на учениците :** Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник. Придонесот на секој ученик во иницирањето и ангажирањето за време на реализацијата на целокупната работа ќе биде вреднувано од страна на одговорниот наставник.

| **ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ** | |
|---|---|
| Назив на секцијата: | Пинг понг секција |
| Одговорен наставник: | Александар Мирчевски |
| Учесници: | 20 -30 ученици од 6 до 9 одделение |
| Цели: | -Да се запознае со правилата на пинг понг<br>-да се запознае со основните елементи на пинг понг<br>-да ги воочува и препознава основните карактеристики на играта |

| | |
|---|---|
| посебни цели | -развојот на самодовербата<br>- интерперсоналната комуникација и почитување на другите (дружење, соработка, заедништво, толеранција)<br>- тимска работа, групно одлучување и решавање проблеми/конфликти;<br>-да стекнат знаење за пинг понг |
| Време и динамика на реализација: | **1. основни ставови 3 3 6**<br><br>**2. сервиси во пинг понг 4 6 10**<br>**3. видови удари ( форхенд и бекенд) 3 7 10**<br>**4. игра со противник поединечно 1 5 6**<br>**5. игра во парови -I ДЕЛ ОД ЧАСОТ ВОВЕДЕН ( 5 МИН.)**<br>Организирање, дисциплинирање, постројување на учениците во ред поредени по висина, прозивка за присутност и носење на уредна спортска опрема и евидентирање, се вртат во десно на растојание помеѓу себе активноста започнува со лесно трчање, одење, поскоци свртувања, спринтови се постројуваат по двајца, па по четворица.<br><br>**цели:** воведување во работа со подигнување на функциите на срцево-садовниот систем, пулмо-белодробниот систем, загревање на мускулатурата на локомоторниот апарат со посебно внимание на карличниот дел со нозете и скочниот зглоб.<br><br>**-II ДЕЛ ОД ЧАСОТ ПОДГОТВИТЕЛЕН ( 10 МИН.)**<br>Комплекс на вежби за оформување на телото и движење, јакнење, лабавење, истегнување со и без реквизити, подготовка на локомоторниот апарат за базично-тренажниот процес, вежби за глава, раце и раменски појас, карличниот дел со нозете и скочниот зглоб со посебен акцент на карличниот дел со нозете и скочниот зглоб, вежби за раздвижување на целата мускулатура.<br><br>**цели:** подготвување на подвижноста на организмот за физичко и интелектулно оптоварување за главниот дел од часот, спречување на појавни облици на телесни деформитети.<br><br>**-III ДЕЛ ОД ЧАСОТ ГЛАВЕН ( 20 МИН.)**<br>Реализација на предвидената наставна единица од наставата<br><br>IV дел од часот ЗАВРШЕН ( 5 мин )<br>Истегнување и опуштање на ангажираните групи мускули |
| Простор за реализација: | Просторија со пинг понг маса |
| Опрема и ресурси: | - пинг понг маса , палки и пинг понг топче |
| Следење на учеството: | -Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник. |

| ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ | |
|---|---|
| Назив на секцијата: | Народни ора секција |
| Одговорен наставник: | Љупчо Рафески |
| Учесници: | 20 -30 ученици од 6 до 9 одделение |
| Цели: | ОБРЕДНИ ИГРИ<br>-Да се запознае со поделбата на хародните ора,<br>-да се запознае со обреднте игри,<br>-да ги воочува и препознава основните карактеристики на обредните игрии,<br>ИГРАОРНИ ПОДРАЧЈА<br>- да се запознае со поделбата на народните ора по етнogравските подрачја на РСМ,<br>- да ги воочува и препознава основните карактеристики на народните ора на одделни подрачја,<br>-да се запознае на одделни ора на различни играорни подрачја,<br>-да развива осет за уметничка вредност на ората,<br>КЛАСИФИКАЦИЈА НА НАРОДНИТЕ ОРА<br>-да ги воочува и препознава основните карактеристики на народните орал<br>-а ги воочува и препознава карактерот на содржината на ората, |
| посебни цели | - *Usvojuvawe, uve`buvawe i usovr{uvawe na makedonski narodni ora po izbor (da se pottiknat emocionalnite ~uvstva, da se razvijat motori~kite sposobnosti vo korelacija so muzika i ritam na dvi`ewe);*<br>- *Razvoj na estetskite komponenti za pravilen stav i dr`ewe na teloto i estetsko ~uvstvo za kolektivna izvedba;*<br>- *Razvoj na funkcionalnite sposobnosti i op{tata motorika na lokomotorniot aparat* |
| Време и динамика на реализација: | *Programskite zada~i za vaa sodr`ina }e se realiziraat preku prakti~na nastava, individualna, kolektivna i grupna rabota,*<br>♠ *Vo tekot na nastavata }e bidat realizirani ili demonstrirani nekolku ora koristej}i gi:*<br>♠ ***Metod na demonstracija** (igra~ki ~ekori, kombinirani igra~ki elementi, tehnika na igra, i sl.);*<br>♠ ***Metod na razgovor ( da se postigne dijalog me\|u nastavnik-u~enik; razgovor preku pra{awa i odgovori na relacija nastavnik-u~enik ili u~enik-u~en***<br>*ik,);*<br>***Metod na usno izlagawe**(da se postigne zboruvawe, opi{uvawe, objasnuvawe i rasuduvawe naj~esto pri metodskite analizi na orata na relacija nastavnik-u~enik i u~enik-nastavnik,);*<br>*Pri realizacija na vakvata programa dosledno i odgovorno treba da gi prenesuva i primenuva orginalniot stil pri igraweto i avtenti~nosta na sodr`inata i strukturata na narodnite ora.* |
| Простор за реализација: | Спортска сала |
| Опрема и ресурси: | ♠ ***-Sredstva za rabota (nastavni formi i postapki-metodi)***<br>♠ *Audio-vizuelni sredstva(tv,dvd-pleer,videopleer, kompjuter);*<br>♠ *Prira~nik {emi, crte`i i sl. ;* |

| | |
|---|---|
| | ♠ *Didakti~ki sredstva i materijali;*<br>♠ *Vizuelni sredstva (sliki, fotografii, katalozi i sl,);*<br>*Internet, obrazovni softveri* |
| Следење на учеството: | -Присуството на учениците ќе биде евидентирано од страна на одговорниот наставник. |

## ПЛАН И ПРОГРАМ ЗА РАБОТА НА БИБЛИОТЕКАРСКАТА СЕКЦИЈА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Во библиотекарска секција членуваат оние ученици кои покажуваат поголем интерес, љубов и смисол за работа во библиотеката. Вкупен број на членови во секцијата во изнесува околу 20 ученици, односно по неколку ученика од секоја паралелка почнувајќи од VI до IX одделение.

Членови на библиотекарската секција имаат можност поблиску да се запознаат со библиотекарската дејност, стекнуваат нови сознанија за книгата, развиваат и негуваат љубов и интерес кон книгата и кон читањето, и се оспособуваат самостојно да ги користат разни извори на информации. Членови на библиотекарската секција стануваат одлични пропагатори на книгата и читањето меѓу своите соученици и на тој начин придонесуваат во омасовување на бројот на читатели во училишната библиотека. Према потреба помагаат при оспособување на стари и оштетени книги, ги информираат учениците за нови наслови на книги.

| Содржина на активности | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|
| **Формирање на секцијата и број на членови, запознавање со тековните активности** | **Септември** | **Библиотекар** |
| **Информирање на учениците за набавени нови книги** | **Септември-Јуни** | **Библиотекар** |
| **Поттикнување и мотивирање на учениците за читање на романи, раскази, приказни и други литературни видови** | **Септември-Јуни** | **Библиотекар и ученици** |
| **Совладување на методи, техники и средства за стекнување на знаења во библиотеката како трајни вредности** | **Септември-Јуни** | **Библиотекар и ученици** |
| **Одбележување на Детската недела со активности на членовите од секцијата** | **Октомври** | **Библиотекар** |
| **Одбележување на месецот на книгата** | **Октомври** | **Библиотекар и ученици** |
| **Помош во уредување на училишната библиотека** | **Септември-Јуни** | **Библиотекар и ученици** |
| **Посета на Саемот на книга** | **Април** | **Библиотекар и ученици, психолог** |
| **Средување на училишните паноа по повод одбележување на празниците во соработка со другите секции** | **Септември-Јуни** | **Библиотекар и ученици,наставници** |
| **Информирање и учество во литературни конкурски** | **Септември-Јуни** | **Библиотекар и ученици** |

## 9.3. Акции

Акции се краткотрајни вонннаставни активности кои се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку дена. Најчесто имаат општествен, хуманитарен карактер или друг карактер како различни еколошки акции, продажни базари и друг вид општествено корисна работа.

| Назив на акцијата | Учесници | Одговорен наставник | Активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Собирна акција во храна | Ученици од 1-9 одд | Одд. и класни раководители | Донирање на храна; Поделба на донираната храна | октомври 2024 |
| Хуманитарно собирна акција за одбележување на детската недела | Ученици од 1-9 одд | Сања Кузмановска, Македонка Стојаноска | Собирање на облека за дечињата од социјално загрозени семејства | октомври 2024 |
| Собирна акција на стара хартија | Ученици од 1-9 одд | Одд. и класни раководители | Собирање на стара хартија | ноември 2024 |
| Собирна акција на пластика | Ученици од 1-9 одд | Одд. и класни раководители | Собирање на пластични шишиња и др пластика | Континуирано |
| Новогодишен базар | Ученици од 1 до 9 одд | Одд. и класни раководители | Изработка и продажба на новогодишни украси | декември 2024 |
| Пролетен базар | Ученици од 1-9 одд | Одд. и класни раководители | Изработка и промовирање на рачно изработените украси, бојадисување и декорирање на истите (работилница со родители) | Април |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Собирна акција во парични средства | Ученици од 1-9 одд | Одд. и класни раководители | Донирање доброволни прилози за лекување на болни деца | Во текот на учебната година |
| Еколошка акција | Ученици од 1-9 одд | Еко одбор | Чистење и уредување на дворот во училиштето | март-април 2025 |

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. Ученичкото организирање овозможува активно учество на учениците во застапувањето и промовирањето на нивните права и интереси, преку демократско учество во донесување на одлуки во училиштето кои се од непосреден интерес за учениците. Учениците преку нивните тела, учествуваат во донесувањето на одлуки во училиштето за работи кои ги засегаат нив, но со поставување неминовни ограничувања кои произлегуваат од нивната возраст.

Ученичкото организирање се остварува преку формирање на ученички тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Преку ученичките тела се обезбедува демократска партиципација на учениците во донесувањето на одлуки во сверите што се од интерес за учениците.

### ЗАЕДНИЦА НА ПАРАЛЕЛКАТА

Заедница на паралелката ја сочинуваат учениците од одделна паралелка, со демократски избран претседател, по пат на тајно гласање, од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на учениците во паралелката. Претседателот на заедницата на паралелка се избира на почетокот на учебната година, во втората недела од месец септември и истиот се избира според Критериуми за избор.

### УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

За организирано остварување на интересите на учениците во училиштето, учениците се организираат во заедница на паралелката и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките од I до IX одделение со пат на таен и транспарентен избор. Членовите на Ученичкиот парламенет со мнозинство гласови го бираат претседателот на УП. Претседателот на УП е член на тимот за училишна интеграција во насока за подобрување мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштето.Училишниот парламент номинира т.е избира двајца ученици (едно машко и едно женско ) за учество во училишниот одбор. Претставниците имаат право да земат збор и да го изразат своето мислење и став но без право на глас.

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ:**

- Кај учениците да се поттикнува и развива смислата за иницијатива, демократичност, правичност, одговорност, согледување, поставување и решавање на заедничките проблеми во својата средина;
- да се вклучува во активности за подршка на учениците со ПОП;
- да придонесува за развивање и негување на другарски однос меѓу учениците и спречување на конфликтни ситуации;
- да се поттикнуваат учениците да го чуваат угледот на училиштето, да го одржуваат редот и дисциплината во него, почитување на куќниот ред на училиштето;
- да се развива свест за постојана соработка со наставниот кадар и други вработени во училиштето;
- да придонесува во организирањето и спроведувањето на културно-забавни и рекреативно- спортски активности;
- да организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа;
- да соработува со институции и други организации што работат со младите;
- да промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку јавно информирање на своите активности.
-  Организира и учествува во активности за поттикнување демократска клима ќе се реализира во текот на првото полугодие од учебната 2024/2025 година

## УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Тоа е ученичка функција и должност,која претставува модел на ученичко учество доста значаен за заштита на детските права во училиштето. Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител е промовирање на детските права и поддршка за заштита на детските права. Ученичкиот правобранител го избираат членови на училишниот парламент од седмо до деветто одделение, со траење на мандат од две години. По завршувањето на манадатот училиштето му доделува сертификат на ученичкиот правобранител за одредениот временски период.Ученичкиот правобранител учествува и во работата на ученичкиот парламент на кој се разговара за проблеми поврзани со можни повреди на правата на учениците

# 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Ученичките екскурзии се облик на воспитно-образовната работа преку кои учениците се запознаваат со појавите, во нивната природна средина и во нивните животни услови. Преку екскурзиите се формира позитивен однос кон природата и човековата околина, а се зацврстува и здравјето на учениците и се придонесува за нивен правилен физички развој. Преку запознавањето со природните убавини на татковината и нејзините културно-историски знаменитости, кај учениците се зајакнуваат патриотските чувства.

Од овие причини ООУ „Марко Цепенков“-Зелениково и оваа учебна година планира повеќедневни екскурзии, доколку за тоа се согласуваат родителите.

Со учениците од I-Xодд. ќе се организира **еднодневен есенски и пролетен излет** од рекреативен карактер.

Екскурзии кои се организираат со учениците:
1. за учениците од III одд. – еднодневна екскурзија
2. за учениците од V одд. – настава во природа
3. за учениците од VI одд. – дводневна екскурзија од научно-наставен карактер;
4. за учениците од IX одд. тридневна екскурзија со две ноќевања.

# 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Во училиштето се планираат, организираат и реализираат училишни натпревари по повеќе предмети како во одделенска така и во предметна настава.

Училилиштето зема учество во повеќе општински,регионални,државни и меѓународни натпревари и кокурси.

# 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ / ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Училиштето низ планираните активности ги вклучува подеднакво сите ученици, со цел задоволување на нивните потреби, почитувајќи ги индивидуалните разлики.

И оваа учебна година училиштето ќе продолжи да го реализира проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“.Изготвен е План за реализација на заеднички МИМО активности, Акциони планови за заеднички активности (долгорочни и краткорочни), како и индивидуални планирања од страна на наставниците и стручните соработници.

**Членови на тим МИМО:**

Директор-Љупка Стојановска, наставници- Весна Стојковска, Сања Кузмановска, Фатма Амит, Ветон Алил, стручни соработници- Оливера Чевреска Петровска, претседател и правобранител на Ученичкиот парламент

# 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## Годишна програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта

И оваа учебна година во нашето училиште ќе се реализира проектот „Антикорупциска едукација“со цел да воспостави вредносен систем кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Преку согледување на лошите примери, навики и пораки и нивно заменување со соодветно примерно однесување, ученикот опфатен во овој проект, уште од најмала возраст ќе може да ја препознае корупцијата, да се заштити од истата и да допринесе за нејзино сузбивање. Под мотото **„<u>КОРУПЦИЈА – ја сечеш гранката на која што седиш</u>“**,

се објаснува дека корупцијата не познава пол, вероисповед, нација, професија, возраст, граници, степен на образование, нагласувајќи дека таа е негативен дел од денешницата и од неа треба да се заштитиме.

**Општи цели кои треба да се постигнат преку оваа едукација се:**

-да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
-да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот наспречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;

- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција воРепублика Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија

**Поими**

Корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок, механизми за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на корупција, пари, подароци, облека, храна, услуги.

Реченици посветени на корупцијата (слогани/пароли)

а) Носечка реченица: Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш.

б) Други реченици посветени на корупцијата:

- Корупцијата е авторитет, плус монопол, минус транспарентност.
- Корупција - ТВОЈОТ СТАВ се брои! Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата.
- Стоп за корупцијата – создава нееднаквост, ги намалува можностите на немоќните, ги форсира неспособните, го спречува развојот.
- Со корупција сите плаќаат двојно.

| Ред. бр | Активности | Цели | Соработници | Време | Очекувани исходи | Докази |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дефинирање на целна група и формирање тим за да се одреди содржината и методот на антикорупциските предавања | Да се запознае тимот со активностите што следуваат | Антоанета Мишева одговорна-наставник по граѓанско образование Сања Соларова Андовска, Жаклина Бошковиќ, психолог | септември | Формирање тим и изработка на програма за антикорупциска едукација за ученици од - IX одделение | Програма за антикорупциска едукација |
| 2. | Донесување и усвојување на програмата за активностите на тимот | Да се доделат задолженија на членовите на тимот | наставник по граѓанско образование -, Жаклина Бошковиќ, Сања Соларова Андовска | септември | Успешна реализација на програмата | Изработена програма за антикорупциска едукација |
| 3. | Предавање за запознавање на Поим за корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност- | Учениците да се запознаат со основните знаења за наведените поими | -наставник по граѓанско | декември 2024 | Поголем број на ученици имаат јасна претстава за наведените поими | Анкетен прашалник фотографии |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | работилница со учениците | | | | | |
| 4. | Борба против корупција - работилница | Да се пронајдат начини и модули како да се справиме со корупцијата | -наставник по граѓанско | Февруари-април 2025 год. | Развивање на култура на нетолеранција кон корупцијата | Изработки, фотографии |
| 5. | Изработка на постери, плакати ,пораки односно информативен материал наменето за информативно катче во училиште | Да се пронајдат начини и модули како да се справиме со корупцијата | Жаклина Бошковиќ Наставник по ликовно | -април 2025 год | Развивање на култура на нетолеранција кон корупцијата | Изработки, фотографии |
| 6. | Ликовен и литературен конкурс на тема: „Корупција-ја сечеш гранката на која што седиш„ | Литературно и ликовно изразување на стекнатите знаења | Наставници по македонски јазик и ликовно образование | мај 2025год. | Развивање на ликовни и литературни потенцијали на учениците | Ликовни и литературни творби |
| 7. | Доделување награди од конкурсите | Оддавање признание за активно учество на конкурсот | Наставници по македонски јазик, ликовно образование и граѓанско образование | мај 2025 год. | Подобрена мотивација за учество во Програмата | Дипломи и пофалници за ученици |
| 8. | Евалуација и извештај за реализирани активности на Програмата за антикорупција | Да се согледаат ефектите од изученото | одговорна Антоанета Мишева наставник по граѓанско образование | мај 2025 год | Сумирање на ефектите од Програмата и предлог акционен план за подобрување и идни активности | Извештај |

**Одговорен наставник: Антоанета Мишева**

## Интерен училишен проект: „УЧИЛИШТЕ БЕЗ НАСИЛСТВО“

Цел:

- учениците да се оспособат да препознаваат БУЛИНГ-врсничко насилство;
- учениците да се стекнат со вештини за ненасилно однесување;
- учениците да умеаат конструктивно да решаваат конфликти иподобра меѓусебна комуникација.

Теми:

1. Што е насилничко однесување;
2. Видови насилничко однесување;
3. Видови насилничко однесување во училиште-БУЛИНГ
4. Знаци на оној кој што е подложен на насилничко однесување;
5. Стратегии против насилничко однесување.

## Проект – Вело училиште

Во учебната 2024-2025 година нашето училиште ќе го реализира проектот Вело училиште. Програмата „Вело училишта” има за цел да го промовира велосипедизмот како безбеден, здрав и алтернативен начин на превоз за учениците во Македонија. Во рамките на овој проект ќе бидат опфатени учениците од 1-9 одд со најразлични активности прилагодени согласно нивната возраст, според програмата на Вело училишта.

Очекувани резултати:

Зголемена свест на учениците, родителите, наставниците и општинските власти во избраните пилот општини за придобивките од користењето на велосипедите како алтернатива за секојдневните транспортни средства, но исто така и знаење за потребите во поглед на патната инфраструктура и безбедноста.

Активностите ќе се реализираат во соработка со одделенските наставници од 1-5одд и наставниците по физичко и здравствено образование од 6-9 одд.

## Проект-“Училишта на 21 от век“

Нашето училиште е дел од регионалната програма “Училишта на 21 от век“ т. е ќе започнеме со примена на програмата за воведување на Вештини за критичко размислување и решавање на проблеми. Целта на оваа програма е да се зајакнат вештините за критичко размислување и решавање проблеми како и подобрување на дигиталните вештини на учениците на возраст од 11-15 години преку наставни и вонnаставни активности. Дигиталните вештини на учениците ќе се подобрат со стекнување знаење за кодирање со користење на уредите за кодирање *Микро:бит*.

# Годишна програма за работа на **GLOBE клуб** при ООУ „ Марко Цепенков “ с.Зелениково, за учебната **2024/2025г.**

**Цели** (носечките знаења, вештини и ставови/вредности од Националните стандарди за основното образование со кои ќе се стекнат учениците преку учество во активноста):

**Знаења/ вештини:**

- ✓ Го објаснува составот, поделбата и значењето на воздушната обвивка.
- ✓ Го опишува загревањето на атмосферата и мери температура на воздухот со термометар.

- ✓ Го проценува делот од небото кој е покриен со облаци и одредува тип на облаци користејќи карта за облаци и работен лист.
- ✓ Ја објаснува влажноста на воздухот и мери влажност на воздухот со хигрометар.
- ✓ Го објаснува воздушниот притисок и мери воздушен притисок со анероиден барометар.
- ✓ Ги разликува различните видови врнежи и мери висина на дожд во дождомер или на снег.
- ✓ Организира и претставува квантитативни податоци табеларно, ги внесува податоците преку GLOBE Desktop Forms, GLOBEData Entry App, GLOBE Observer App, ги толкува податоците и евалуира и дискутира заклучоци.

**Ставови/Вредности:**

- ✓ Разбира и прифаќа дека глобалното затоплување води кон природни катастрофи со последици по живиот и неживиот свет на целата планета.

**Време на реализација**: во текот за целата година
Клубот е наменет за учениците од VI до IX одд.

**Потребна опрема и средства:**

- **Макс – мин термометар, хигрометар, дождомер, метар за снег, подлога даска, индикатор за киселост или PH метар, дрвена метео куќичка, барометар, дестилирана вода, стаклени чаши, мензури, вага, компас**
- **Работни листови – пропишани образци за забележување на мерењата**
- **Хамери, маркери, лепливи белешки, flipchart, лаптопи, таблети, компјутери или паметни телефони со интернет пристап**

| Тема | Содржини и активности | Време на реализација |
|---|---|---|
| | Претставување на програмата пред учениците и избор од заинтересираните | септември |
| **Запознавање со GLOBE програмата** | Што е GLOBE<br>Како се создаваше GLOBE<br>Цели на GLOBE<br>За кого е GLOBE<br>GLOBE области | септември |
| | Внес на податоци<br>Одредување на мерно место<br>GLOBE платформа, креирање кориснички профил | октомври |
| **Атмосфера** | Состав и поделба на атмосферата | октомври |

| | | |
|---|---|---|
| | Истражување на времето<br>1. Температура на воздухот<br>а) Моментална<br>б) Максимална<br>в) Минимална<br>2. Количини на врнежи<br>3. Покривка од облаци и видови на облаци<br>4. Релативна влажност на воздухот и<br>5. Притисок на воздухот | октомври - јуни |

Забелешка:

- По добивањето на потребната опрема мерењата ќе се вршат секојдневно.
- Во зависност од потребите тековно програмата ќе се надополнува со нови активности или може да има промени во редоследот на претходно наведените.

Одговорен наставник: ***Сања Кузмановска***

# 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето ги следи постигнувањата на учениците по сите наставни предмети во текот на целата учебна година.Се изработуват прегледи за успех по наставни предмети и по квалификациони периоди. Од страна на педагогот се изработуваат споредбени анализи за постигнатиот успех во сите кавлификациони периоди. Постигнатиот успех и поведение, како и изостаноците се споредуваат со повеќе изминати учебни години. Се врши анализа на постигнувањата на учениците при преминот од одделенска во предметна настава, како и при преминот од описно во бројчано оценување. За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение и по електронски пат.

За постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби се врши континуирано следење на постигнувањата од страна на инклузивниот тим за ученикот, се прави ревизија на индивидуалниот образовен план во соработка со дефектологот, наставниците и родителите.

За подобрување на постигањата на учениците наставниците применуваат различни методи на работа (активни методи на работа во групи, тимска работа, изведбени активности, разговор, истражувачки активности, презентација и демонстрација, проектни активности, употреба на ИКТ во наставата).

Училиштето врши следење на постигнувањата на учиниците во текот на основното образование и согласно Правилникот за видот на пофалби, награди и педагошки мерки се избира ученик на генерација. На крајот од секоја учебна година се врши Промоција на ученици со континуиран успех од 5.00 на учениците кои допринеле за афирмација на училиштето или освоиле награди на натпревари за денот на училиштето им доделува пофалница.

***- Постигнувањата на на учениците континуирано се следат и на истите се врши анализа***

Успех на учениците во О.У на македонски наставен јазик по учебни години

| Учебна година | Одделение | | | | | | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | |
| **2021/2022** | 4,30 | 4,10 | 4,44 | 3,92 | 4,14 | 4,32 | 4,20 |
| **2022/2023** | 4,46 | 4,38 | 4,12 | 4,47 | 3,68 | 4,23 | 4.27 |
| **2023/2024** | 4.55 | 4.17 | 4.50 | 4.01 | 4.10 | 4.46 | 4.32 |

Успех на учениците во П.У на албански наставен јазик по учебни години

| Учебна година | Одделение | | | | | | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | |
| **2021/2022** | 4,29 | 4,04 | 4,01 | 4,14 | 3,38 | 4,31 | 4,06 |
| **2022/2023** | 4.08 | 4.53 | 4.31 | 4.27 | 4.43 | 3.91 | 4.23 |
| **2023/2024** | 3.41 | 4.40 | 3.83 | 4.69 | 4.20 | 4.18 | 4.22 |

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

**ЦЕЛ:**Помош при избор на учениците на средно училиште и идното занимање, во согласност со нивните интереси, можности и способности.

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

**Превентивни програми**

Во училиштето преку интерниот проект „Училиште без насилство" ќе се реализира програма за превенција од насилно однесување чија цел е препознавање и намалување на врсничкото насилство – БУЛИНГ. Стручните соработници ќе оставруваат советување со ученици кои манифестираат насилничко однсување, како и со жртвите на насилничко однесување. Активности посветени за грижата на здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на целата учебна година преку најразлични активности: предавања, презентации, работиници на состаноците на Училишен парламент. Во реализацијата на овие активности ќе се вклучат одделенски раководители, стручни соработници и надворешни стручни лица. Училиштето остварува соработка со релеванти институации:

Одделението за малолетничка деликвенција при МВР-Скопје, Центар за социјална работа, Здравствени установи и др.

Од страна на стручните соработници ќе бидат реализирани следниве активности/работиници:

- Штетното влијание од употреба на цигари,алкохол и дрога
- Анкета-Причини за отсуство од настава и можности за зголемено асоцијално однесување кај учениците
- Стереотипи и предрасуди
- Работилници „Училиште без насилство“.

## Позитивна социо-емоционална клима

Секој субјект во училиштето максимално ќе дава свој допринос во создавање позитивна социо-емоционална клима која ќе се базира на почитување на секоја индивидуа.Во таа насока ќе се вклучат и учениците преку активности на Ученичкиот парламент негувајќи ја соработката, давање соодветна помош и подршка на својот соученик. Од особена значење ќе биде и работата на училишниот прабобранител. Важна улога ќе имаат и родителите преку нивно вклучување во повеќе планирани ученички активности.

# 16. ОЦЕНУВАЊЕ

## 16.1. Видови на оценување и календар на оценувањето

**Предмет** на оценување е напредувањето на ученикот во постигнувањето на воспитно - образовните цели под влијание на наставниот процес и другите воспитно - образовни активности, утврдени со планот и оваа програма. При определување на оценката ќе се земат предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења, работните навики, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот. Ќе се следи, проверува и ќе се оценува оспособеноста за практична примена на знаењето во нови ситуации, ќе се испитуваат способностите, интересите, ставовите и убедувањата.Оценувањето, пред се ќе има **за цел** да го подобри учењето и постигнувањето на учениците.

Во наставата централно место ќе има следењето на учењето на ученикот и формативното оценување. Процесот на проценка и бодирање на постигањата на учениците ќе биде соодветен на методот на оценување и ќе се спроведува според воспоставени процедури и упатства. Учениците, исто така, ќе бидат соодветно информирани за критериумите на оценување. Информирањата на учениците и родителите ќе бидат навремени, јасни и точни на почетокот на учебната година за секој наставен предмет. Оценувањето треба да обезбеди целосни информации за постигањата на учениците, па затоа е континуиран процес и е составен дел од наставниот процес на учењето и поучувањето и ќе се базира на користење на повеќе различни методи и техники. Наставниците водат портфолио за секој ученик и портфолио за наставник. Во ученичкото портфолио се евидентираат постигнувањата на учениците и содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оцена. Наставничкото портфолио содржи репрезентативни примероци од изработки на учениците, инструментите со кои се следат учениците, план за реализација на наставни и вонnаставни активности, план за професионален развој на наставникот, докази за постигањата на сите натпревари и посетени обуки и семинари. При учење од далечина наставниците изготвуваат електронско портфолио за учениците

На почетокот на учебната година секој наставник изготвува индивидуален план за примена на формативното и сумативното оценување, почитувајќи ги стандардите за оценување по секој наставен предмет. Писмените проверки за постигнувањата на учениците се евидентираат во дневникот на паралелката на почетокот на учебната година. Се користат најразлични форми, методи и примена на различни инструменти за следење на постигнувањата на учениците (чек листи, аналитички листи, холистички листи и др)

За постигнувањата на учениците се прават извештаи и споредбени анализи на одделенските и наставничките совети на крајот од секој квартал. Се

изработуваат статистички извештаи за успехот, поведението и редовноста на учениците. Одделенскиот раководител е должен да го извести родителот за успехот, поведението и редовноста на ученикот најмалку два пати во едно полугодие.

Видови оценување и календар на оценување

| Одделение | Вид на оценување |
|---|---|
| I-III | Описно преку цела учебна година –во сите квартали периоди |
| IV-VI | Комбинирано (прво тримесечје-описно, полугодие-описно, трето тримесечје-описно и крај на година-бројчано |
| VII-IX | Бројчано преку цела година |

***** Во случај на on line настава, следењето на редовното учење и информирањето на родителите за постигнатиот успех ќе биде електронски, по мејл, и слики од изработките и наставните ливчиња ќе се чуваат во електронски ученички портфолија.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците ќе се остварува според Планирањето за следење, проверување и оценување почитувајќи ги Стандардите и критериумите за вреднување на постигнувањата на учениците. За вреднување на постигнувањата на учениците систематски ќе се применуваат повеќе методи и инструменти при формативното и сумативното оценување. Училиштето врши следење на постигнувањата во реализација на програмите, анализа на резултатите по предмети и прапаралелки, како и индивидуални постигнувања на учениците. За вреднување на постигнувањата на учениците, наставниците ќе применуваат различни постапки и инструменти со цел да се зголеми објективноста во оценувањето и да се зголеми мотивот за постигнување повисоки резултати. Наставниците водат електронски дневник во кој континуирано се евидентира успехот на учениците. Вреднувањето на работата на наставниците ќе се врши од страна на директорот и стручните соработници и истато ќе биде насочено кон:

-следење на организацијата на воспитно-образовната и вонnаставната работа,

-перманентно стручно педагошко и психолошко усовршување на наставниот кадар во училиштето;

-увид во годишните и тематските планирања на наставните и воннаставните активности;

-следење на остварување на стручните материјално технички и дидактичко методски подготовки за реализација на наставата;

-примена на современи наставни методи, техники и стратегии на учење и поучување како и примена на електронски образовни технологии;

-следење на оценувањето;

-следење на ангажираноста на наставникот во работата во стручните органи и тела во училиштето и пошироко, како и соработка со родителите.

За таа цел се води Професионално досие и Педагошки картон за секој наставник и стручен соработник

**Тим за следење, анализа и подршка**:

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар.

Во тековната учебна година се реализираат планираи стручни посети од директорот и стручите соработници за наставните часови и воннаставите активости.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата во нашето училиштето се реализираше на крајот од учебната 2023/2024 година. Согласно законот за основно образование училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа и изготвува извештај во кој се определуваат јаките и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на истите. Самоевалуацијата на училиштето ја изработуваат тимови од повеќе наставници и стручни соработници. Самоевалуацијата ги опфаќа следните 4 подрачја:

1. Планирање настава и учење
2. Постигања на учениците
3. Училишна клима и односи во училиште
4. Управување, раководење и креирање на политика

СЕУ ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници и родителите по предлог на директорот ја формира Училишниот одбор и изготвува извештај за спроведената самоевалуација со предлог мерки за подобрување на целокупната работа на училиштето. Слабите и јаките страни, како и предлог мерките за подобрување на работата на училиштето на училиштето се објавуваат на веб страната на училиштето.

## Училишна комисија за самоевалузација

**одд.наставник** **Наташа Лазова Анчевска**

**психолог** **Оливера Чевреска Петровска**

**предметен наставник** **Сања Кузмановска**

**Родител** **Душица Ѓорѓиевска**

**Родител** **Лорета Петрушевска**

| ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА НА САМОЕВАЛУАЦИЈА 2023/24-2022/23 год | | | |
|---|---|---|---|
| 1 група | 2 група | 3 група | 4 група |
| ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ | 2 ПОДРАЧЈЕ: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ | 3 ПОДРАЧЈЕ: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО | 4 ПОДРАЧЈЕ: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ |
| Одговорно лице-<br><br>Ветон Алил<br>Деспина Грнчаревска<br>Александар Мирчевски<br>Муарем Имери<br>Сања Андоновска<br>Кате Јонческа | Одговорно лице<br><br>Љутви Беќири<br>Дијана Кучиновска<br>Јасминка Стојаноска<br>Сулејман Салихи<br>Неџми  Демири<br>Софија Јовановска | Одговорно лице<br><br>Кристина Велковска<br>Фатима Ала<br>Силвана Велинова<br>Нијази Елмазовски<br>Жаклина Бошковиќ | Одговорно лице<br><br>Бурхан Алиу<br>Македонка Стојаноска<br>Игор Велков<br>Басри Елмазовски<br>Демир Сеферовски<br>Благоја Мирчевски |

# 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето ќе посвети особено внимание на безбедноста на учениците и за таа цел ќе има континуирани дежурства од страна на наставниците со однапред изготвен распоред, соодветен на условите на работа.

.Училиштето е опремено со ПП-апарати поставени на видно место во училиштето, прибор за прва помош при случај на повреда на ученик или вработен. Исто така училиштето ќе понуди можност за осигурување на сите ученици преку осигурителна компанија соодветна на потребите на учениците и родителите.

Училиштето има изготвено:

- Процедура за заштита од пожари и природни непогоди
- Постапка за безбедност и превенција од насилство
- Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди.

# 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година во наставата по предметот физичко и здравствено образование како и другите предмети, на часовите на одделенскиот час, во рамките на слободните ученички активности и други форми. Предавања и разговори на часот на одделенската заедница, со стручните соработници, одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентивата од болестите на зависност и други содржини со кои се изградува свеста кај учениците за заштита на здравјето и воспитание и образование за здрав начин на живеење. Особено внимание ќе се посвети на правилна и здрава исхрана и физичка активност на учениците.

**Училиштето води грижа за здравјето на учениците на три нивоа:**

-*физичко* здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;

-*ментално* здравје го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;

-*социјалното* здравје ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

## 18.1. Хигиена во училиштето

Во училиштето се води континуирано грижа за хигиената во училишните простории и училишниот двор. Хигиеничарите во училиштето вршат постојана дезинфекција на површините (особено за време на Пандемијата со Ковид-19 кога на секои два часа го дезинфицираа училишниот простор). Учениците се предупредуваат за влажните подови доколку ги има, за спречување од лизгање или паѓање. Учениците преку лични примери од возрасните ја одржуваат хигиената во училиштето на високо ново.

## 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се реализираат без да се попречи наставата, пред или по завршување на часовите. Учениците за време на систематскиот преглед се придружувани од нивните одделенските раководители.

## 18.3. Вакцинирање

Училиштето има континуирана соработка со Здравствените институции. Истите го известуваат училиштето кои ученици е потребно да се имунизираат според календарот за имунизација и вакцинација, а одговорното лице од училиштето ги известува учениците за вакцинирање.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана-оброк во училиштето

. За едукација на учениците за здрава исхрана училиштето ќе организира предавање со надворешни соработници и преку едукација од стана на наствниците во рамки на одделенскиот час на паралелката, во рамки на реализација на наставните содржини од програмата за животни вештини.

# 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

- Взаемно почитување и доверба;
- Конструктивно решавање на конфликтите;
- Отворена и повеќенасочна комуникација.

## 19.1. Дисциплина

Училиштето презема одредени мерки за подобрување на дисциплината во училиштето со активно учество на сите субјекти. Во таа насока училиштето ќе направи напори да ангажира и агенција за обезбедување, како и континуирани дежурства од страна на сите наставници. Дисциплината ќе ја спроведуваат сите наставници и стручни соработници со позитивни примери и со насочување на учениците преку индивидуални и групни советувања. Куќниот ред на училиштето е поставен во главниот хол на училиштето, како и во секоја училница. Нарушувањето на дисциплината ќе биде санкционирана според Правилникот за видовите награди, пофалби и педагошки мерки.

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Тргнувајќи од организационата поставеност во училиштето, една од задачите ќе биде и естетското уредување на училишните простории во согласност со потребите на учениците,наставниците и родителите. Формирани се работни групи кои ќе ги согледаат потребите и ќе ги реализираат задачите согласно со акциониот план на училиштето. Тимот за естетско уредување на училиштето се грижи за уредувањето на училишните холови во текот на целата учебна година.

## 19.3. Етички кодекси

-Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на учениците,наставниците и родителите
-Училиштето има изработено и ЕКО кодекс
Истите се дадени во Прилозите на оваа програма

## 19.4. Односи помеѓу сите структури во училиштето

Особено внимание ќе биде посветено на подобрување на соработката со родителите, со учениците, како и тимската работа во училиштето. Успешноста на работата ќе се темели на синергичноста во тимската работа. Потребата од постојана подршка на сите структури останува како една од важните цели во училишното живеење.

# 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Со цел постигнување повисоки цели во воспитно-образовниот процес неопходен е континуран професионален развој на наставно-воспитниот кадар. Резултатите од спроведената Самоевалуација на училиштето како и Интегралниот увид посочуваат на постојано неформално и информално образование на наставниците. За таа цел наставниците и стручните соработници ќе се вклучат во планираните обуки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други образовни институции и носители на проекти. Училиштето изготви акционен план за професионален развој на образовниот кадар со јасно дефинирани задачи и активности, истиот е во состав на оваа програма.

**Тимот за професионален развој** Стручни соработници и претседатели на стручните активи.

## 20.2. Активности за професионален развој

Во зависност од потребите на наставниот кадар за професионално усовршување ќе се организираат обуки,семинари,работилници и десиминации

## 20.3 Личен професионален развој

Сите наставници изготвуваат План за личен професионален развој, по птретходно пополнет Прашалник за самоевалуација на наставникот. Личниот план за професионален развој треба да содржи: компетенции кои наставникот сака да ги подобри, цел, стратегии/активности, потребни ресурси; лични очекувања и време на реализација

Изготвувањето и реализирањето на личниот план за професионален развој на наставникот/стручниот соработник му овозможува:

- систематично развивање на компетенциите што му се потребни;
- подобрување на воспитно-образовната работата;
- достигнување на стандардите за повисоки звања и напредување во кариера.

Изготвувањето на лични планови за професионален развој и нивното усогласување со училишните приоритетите и можностите, му овозможува на училиштето:

- почитување и излегување пресрет на индивидуалните потреби на вработените за професионален развој;
- порационално користење на човечките и материјалните ресурси;
- подобрување на соработката преку различни форми на колегијално учење и менторска поддршка.

### 20.4 Хоризонтално учење

Училиштето планира и реализира активности за продлабочување на стручните знаења и компетенции на наставниците. За таа цел на ниво на стручни активи се врши рамена на професионални искуства и се зајакнуваат професионалните вештини на наставниците. По реализираните обуки се врши дисеминација на наставниот кадар.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во зависност од потребите за усовршување на наставниот кадар, тој учествува на обуки, семинари со цел зајакнување и усовршување на професионалните компетенции.

## 21 СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ

### 21.1Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Една од приоритетните цели на училиштето е подобрување на квалитетот на соработка со родителите и вклучување во животот на училиштето.

Соработката со родителите ќе биде реализирана низ индивидуални средби, родителски средби,Совет на родители,Училишен одбор, Училишен инклузувен тим, Инклузивен тим за ученик како и во работата на одредени тимови во училиштето и училишни проекти. Училиштето изготвува распоред за индивидуални средби на кој се наведени термини во ден и час за секој одделенски и предметен наставник. Најмалку два пати во годината ќе се реализираат Отворени денови за размена на информации на родителте и наставниците.

Училиштето изработува:План за соработка со родителите на паралелката,План за работа на Советот на родители,План за работа на Училишниот одбор;

Родителите имаат значајна улога во донесување на одлуки преку Советот на родители, како и Училишниот одбор;

### 21.2Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите ќе дадат свој допринос при реализација на:настава,воннаставни активности,грижа за здравјето на учениците,соработка со локалната средина, давање подршка на наставниците за работата со учениците со попреченост, за професионалната ориентација на учениците, прибирање на дидактички и наставни средства и др;

Семејствата на учениците ќе се вклучат во повеќе проектни активности кои се дефинирани во акционите планови, земајќи ги во предвид интересите и можностите на родителите;

### 21.3 Едукација на родителите / старателите

Едукацијата на родителите ќе биде реализирана на индивидуално ниво,како и работа во групи. Ќе се реализираат советувања со родителите согласно Законот за основно образование, презентации за теми од заеднички интерес, а во функција на развој и подобри постигнувањата на ученикот.
Со цел информирање на родителите за активностите во училиштето ќе биде изработена брошура.

## 22 КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Училиштето континуирано ќе соработува со:

-Локалната заедница (локална самоуправа,бизнис заедницата, месното население )
-Институции од областа на културата (музеи,библиотеки,театар, кино и др.)
-Институции од областа на образованието (МОН,БРО,ДПИ, ,детски градинки, други основни и средни училишта и факултети);
-Невладини организации (Детска амбасада,СОС-центри,Младински културни центри, екол. друштва и др.)
-Спортски друштва (фудбалски,ракометни,атлетски,кошаркарски и др.)
-Здравствени организации (Здравствен дом-поликлиника Драчево, Завод за ментално здравје на деца и младинци, Медицинска класификација на функционалности, и др.)/ социјална
- Центар за социјална работа на град Скопје)
-Медиуми ( ТВ , пишани медиум,електронска комуникација и др.)

# 23 СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Во текот на реализацијата

| Бр. | Приоритетни подрачја за следење | Кој треба да биде информиран за следењето | Начин и време | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | Комисии,тимови,Наставички совет,Совет на родители,Училишен одбор ОКВ,МОН,ДПИ | Континуирано | Наставници ,стручна служба, |
| 2 | Воннаставни активности | Комисии,тимови,Наставнички совет,Совет на родители,Училишен одбор ОКВ МОН,ДПИ, | Континуирано | Администра тивни работници |
| 3 | Задоволувањ е на потребите на учениците | Комисии,тимови,Наставички совет,Совет на родители,Училишен одбор ОКВ, МОН,ДПИ, | Континуирано | директор |

# 24 ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

Со планот за евалуација ,треба да добиеме релевантни податоци за тоа како и колку успешно е извршена и имплементирана развојната програма. Целта на евалуацијата претставува модификација ,усовршување и унапредување на праксата.

Евалуацијата се врши во текот на целиот процес.Со неа започнува и завршува развојниот циклус. При евалуацијата од инструменти можат да се користат:тестови на знаења,скали на проценка, прашалници, потсетник за водење на интервју,протоколи за набљудување и др. Евалуацијата е наменета за : училишниот одбор,совет на родители,локална средина,МОН, Планот за евалуација треба да се разработи прецизно,по клучни точки:

Евалуацијата се врши во текот на четирите учебни години и преку неа се подигаат стандардите. Поставување на повисоки вредности во наставата и поучувањето ќе придонесат за трајни знаења и учење за живот, кои ќе продуцираат идни млади генерации кои би одговарале на европските итеграции.

# 25 ЗАКЛУЧОК

Годишната програма на училиштето е основен документ со кој се планира и организира училишниот живот.

Целта на основниот воспитно – образовен систем е стекнување на општообразование и воспитување, складен развој на личноста и подготовка за живот, за понатамошно општо образование и воспитување. Во воспитно – образовниот процес се исполнуваат следниве задачи: оспособување за живот, понатамошно образование и самообразование; совладување на основните елементи на современото општо образование; оспособување за примена на стекнати знаења, умеења и правилно користење на слободното време; развивање на интелектуалните и физичките способности, критичко мислење, самостојност и интерес за многу знаења; познавање на основни законитости на природата, општетството и човечкото мислење; стекнување и развивање свет за потребата од чување на сопственото здравје и заштита на животната средина; развивање на хуманост, патриотизам и други етички својства на личноста; воспитување за хуман и културен однос меѓу луѓето без да се прави разлика меѓу пол, вера, раса, националност и лично верување; негување и развивање на културата, и културното наследство; стекнување на основни познавања за убаво однесување.

Училиштето во текот на учебната година посебно внимание ќе посвети на подобрување на севкупното живеење во училиштето : унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес , подобрување на квалитетот на оценување во насока на зголемена објективност и еднаков пристап на наставниците кон учениците, подобрување на комуникацијата помеѓу сите учесници во воспитно –образовниот процес, стручно усовршување и професионален развој на наставниците, подигање и негување на креативна и интерактивна настава, меѓуетничка интеграција во образованието како и вклученост на семејствата преку заедничка грижа за правилно насочување на учениците.

При реализацијата на Годишната програма училиштето ќе се стреми за доследа реализација на стратешките и развојните цели .
Наставиот кадар ќе се стреми кон постигнување на повисоко ниво на мотивација на учениците со поголема примена на иновативни форми и методи во наставата како и подобрување на редовноста на учениците во следење на наставниот процес. Раководиот орган ќе се труди за подобрување на инфраструктурата на училиштето со цел обезбедување на што побезбедна и поздрава животна средина.

# 26 КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Директор
Стручни соработници
Претседатели на стручни активи

# 27 ПРИЛОЗИ

## *ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО*
## Директор – Љупка Стојановска

| Ред. Бр. | Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | За кого е наменета | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| *Административно – организаторските активности* | | | | | |
| 1. | Распределба на наставните предмети и задолженија во рамките на слободните ученички активности, структурално подрачје од внатрешната организираност на училиштето, стручните активи, тела, комисии; | август | Директор и одговорни наставници | Наставници, ученици | Совесно извршување на работните задачи |
| 2. | Организирање упис на ученици во прво одделение; | мај | Педагог, психолог | ученици, родители | Прифаќање и навремено распределување на учениците по паралелки |
| 3. | Грижа за спроведување на куќниот ред во училиштето (кодекс на однесување); | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог | За сите вработени, учениците и родителите | Квалитетна настава и безбедно престојување во училиштето |
| 4. | Свикување седници на Наставничкиот совет, раководење со истиот и поднесување на извештај; | Тековно во учебната година | директор | наставници | Соработка, почитување и заедничко одлучување |
| 5. | Управување со финансовото работење и завршната сметка; | Тековно во учебната година | Директор, сметководител | За училиштето како институција | Навремено подмирување на платежните обврски |
| 6. | Организирање и утврдување динамика за реконструкција, адаптација на училишниот објект и училишниот двор, | Тековно во учебната година | Директор, хаусмајстор | За сите вработени, учениците | Пријатен престој во училиштето и подобрување на квалитетот на наставата |
| *Педегошко – инструктивни активности* | | | | | |
| ***Програмско – концепциско подрачје*** | | | | | |
| 7. | Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето. | август | Директор, педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, наставници | Оперативна годишна програма |
| 8. | Распределба на часови по наставни | август | Директор, педагог, психолог, | наставници | Добра распределба за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | предмети, одделенски раководители, претседатели на стручни активи, формирање тимови за конкретни работни задачи, комисии, одговорни наставници за ученичко организации. | | наставници | | сите |
| 9. | Координирање при изготвување на распоред на часови во предметна настава и организациски распоред за одделенска настава. | септември | Директор, педагог, психолог, наставници | наставници | Навремено започнување и завршување на наставата |
| 10. | Распоред за слободни ученички активности, додатна и дополнителна настава. | септември | Директор, педагог, психолог, наставници | Наставници, ученици | Поттикнување на ученичките способности |
| 11. | Контрола и анализа на педагошката документација. | септември | педагог, психолог, наставници | наставници | Правилно водење на педагошката документација и следење на нови трендови |
| 12. | Изготвување на план за стручно усовршување на наставниот кадар | септември | Директор, педагог, психолог | наставници | Квалитетна настава |
| ***Следење на организацијата и реализацијата на воспитно образовната и другата стручно педагошка работа во училиштето*** | | | | | |
| 13. | Соработка со наставниците при изготвување на Годишните, тематските и дневните планирања. | Септември / јуни | педагог, психолог, наставници | наставници | Квалитетна настава |
| 14. | Увид во планирањата на наставниците | Септември / јуни | педагог, психолог, наставници | Педагог, психолог | Подобрена квалитетна настава |
| 15. | Увид во планирањата за дополнителната, додатната и слободните активности. | Септември / јуни | педагог, психолог, наставници | Педагог, психолог | Квалитетна настава и ангажирани ученици во слободното време |
| 16. | Увид во одделенските дневници и матични книги | Септември / јуни | педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, просветни инспектори | Правилно водење на педагошката документација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17. | Посета на часови со однапред определена цел:<br>• Примена на методи на активно учење во одделенска настава.<br>• Поставување на дефинираните цели на часот.<br>• Примена на методи на активно учење во предметна настава<br>• Следење на определени ученици или група ученици за време на наставата<br>• Примена на ИКТ технологија | Октомври, декември, март, мај | Директор, педагог, психолог, наставници | наставници | Добро планирани часови |
| 18. | Самоусовршување преку запознавање со современи знаења од областа на следењето, вреднувањето и унапредувањето на работата на наставниците, стекнување знаења од психологија, комуникација и сл. кои ќе придонесат за унапредување на меѓучовечките односи, постојана грижа за создавање позитивна клима во училиштето | Септември / август | Директор, педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, наставници | Професионален развој |
| 19. | Согледувања од следењето и вреднување на работата, како и давање на препораки за подобрување на работата | Октомври / јуни | Директор, педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, наставници | Анализа на сработените активности |
| ***Работа со стручни тела и органи во училиштето*** | | | | | |
| 20. | Следење на законската регулатива со кои се утврдени основите на програмите за работа на стручните органи – Наставничкиот и Одделенскиот совет, | Септември / јуни | Директор, педагог, психолог, | Директор, педагог, психолог, | Примена на законските регулативи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Стручните активи, одделенските раководители и стручните соработници. | | | | |
| 21. | Планирање на работата на Наставничкиот совет и одделенските совети. | Септември / јуни | Директор, педагог, психолог, | Директор, педагог, психолог, | Оперативен план за работа |
| 22. | Следење, насочување и учество на работата на стручните активи. | Септември / јуни | Директор, педагог, психолог, | Директор, педагог, психолог, | Поттикнување за професионална работа |
| 23. | Учество во планирање и реализирање на задачите на одделенските совети | Септември / јуни | Директор, педагог, психолог, | Директор, педагог, психолог, | Добри планирања |
| 24. | Соработка и следење на реализација на задачите на одделенските раководители. | Септември / јуни | Директор, педагог, психолог, | наставниците | Квалитетна реализација на задачите на одделенските раководители. |
| ***Аналитичка студиска работа; Изготвување информации, извештаи, осврти и анализи за:*** | | | | | |
| 25. | Подготовка и опременост на компјутерска училница со компјутери и смарт табли | Август,септември | Наставници,техни-чка служба | наставници | Добри услови за работа |
| 26. | Следење на успех и поведение на учениците на крајот од секој класификационен период, полугодие и крај на учебната година. | Ноември, јануари, април, јуни | Директор, педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, Наставници, родители | Увид во успехот и поведението |
| 27. | Следење на реализацијата и резултатите од поставените приоритети во училиштето. | Септември / јуни | Директор, педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, наставници | Успешна реализација на поставените приоритети |
| 28. | Следење и реализација на стекнатите знаења од проектите во училиштето. | Тековно во учебната година | педагог, психолог, наставници | педагог, психолог, наставници | Успешна реализација на проекти |
| 29. | Реализација на Годишната програма за работата на училиштето. | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, наставници | Успешна родишната програма за работата на училиштето. |
| 30. | Анализа на тематските и дневните подготовки | Тековно во учебната година | педагог, психолог, | Директор, педагог, психолог, наставници | Висока професионална подготовка на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | за часови на наставниците – со посебен акцент на целите и активностите | | | | дневните подготовки |
| ***Соработка со родители, ученици и локална средина*** | | | | | |
| 31. | Планирање и реализирање на општите родителски средби | Септември / јуни | наставници | родителите | Успешна соработка со родителите |
| 32. | Планирање и реализирање на форми на соработка со родителите (трибини, индивидуални средби) | Септември / јуни | Директор, педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, наставници, родители, ученици | Успешна соработка со родителите |
| 33. | Соработка со ученици за одредени прашања на ниво на ученичка заедница, паралелки, групи или индивидуално | Септември / јуни | Директор, педагог, психолог, наставници | Ученици | Успешна соработка со учениците |
| 34. | Соработка со БРО и МОН | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, наставници | Соработка со БРО и МОН |
| 35. | Соработка со други образовни институции. | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, наставници, ученици | Добивање на поголем број на информации од повеќе области |
| 36. | Соработка со локалната управа – Сектор за образование | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, наставници | Продлабочување на соработката |
| 37. | Соработка со други институции значајни за работата на училиштето:<br>• Невладини организации<br>• Министерство за животна средина<br>• Центар за социјални работи<br>• Основни и средни училишта од општината, градот и републиката<br>• Други надлежни институции и организации ( спонзори, донатори, медиуми) | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, наставници | Продлабочување на соработката |
| ***Грижа за професионален развој на наставниот кадар*** | | | | | |
| 38. | Поттикнување на наставниците за самоусовршување | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, | наставници | Професионален развој на наставниот кадар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 39. | Збогатување на училишната библиотека со стручна литература | Тековно во учебната година | библиотекар | наставници, педагог, психолог, директор | Стекнување на нови знаења |
| 40. | Реализација на програмите на стручните активи | Тековно во учебната година | Одговорни наставници | наставници | Соработка и размена на идеи за работа |
| 41. | Реализација на проектите во училиштето | Тековно во учебната година | Директор, педагог, психолог, наставници | Директор, педагог, психолог, наставници | Тимска работа |
| 42. | Применување на информатичка технологија во училиштето | Тековно во учебната година | Наставник по информатика и наставници | наставници | Трајно чување на податоци |
| 43. | Изработка на наставни материјали, нагледни средства, помагала и нивна применливост | Тековно во учебната година | наставници | наставници | Квалитетна настава |
| ***Други работи и работни задачи*** | | | | | |
| 44. | Постојана грижа за обезбедување материјално – технички услови за работа на училиштето | Тековно во учебната година | домакин, секретар, сметководител, Директор | домакин, секретар, сметководител, ученици, наставници , Директор | Подобри услови за работа |
| 45. | Следење и увид во работата на административната служба на училиштето | Тековно во учебната година | Директор | администрациј а | Соработка |
| 46. | Следење и увид на финансовото работење на училиштето | Тековно во учебната година | Училишен одбор, Директор | сметководител | Исправност во финансовото работење |
| 47. | Активно учество во работата на Училишниот одбор и Советот на родители | Тековно во учебната година | Училишен одбор, Совет на родители, Директор | Училишен одбор, Совет на родители, Директор | Соработка и позитивни одлуки во корист непречено одвивање на воспино-образовниот процес |

## Годишна програма за работа на ПЕДАГОГ
## Педагог –

Годишната програма на училишниот педагог е изработена со користење на следните документи:

- Закон за основно образование на Р.С Македонија
- Закон за наставници
- Концепција за основното воспитание и образование
- Годишниот извештај за работата на училиштето
- Самоевалуација на училиштето
- Развојна програма
- Основни професионални компетенции за стручни соработници

**ЦЕЛ** на програмата е да се искористат сите услови во училиштето и надвор од него за:

1. Оптимално напредување и правилен развој на учениците согласно нивните можности и способности;
2. Идентификување, проценка и подобрување на определените состојби во реализацијата на наставните и воннаставните активности во училиштето;
3. Унапредување и осовременување на воспитно-образовната работа во училиштето со примена на активни методи и современи стратегии.

**МЕТОДИ, ИНСТРУМЕНТИ И ТЕХНИКИ ЗА РАБОТА** (анализа, дескрипција, презентација, консултации, дискусии, разговори, анкетирање, интервју, тестирање и др)

| Цели | Активности | Реализ а-ција | Соработ-ници | Индикатори/ докази |
|---|---|---|---|---|
| **1.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО** | | | | |
| *проценка на подготвеноста на учениците за вклучување во образовниот систем | - учество во комисијата за запишување на ученици во училиште (прво одделение)<br>- спроведување на постапката за запишување на ученици | V/2025 | психолог, наставник | - Одлука Комисија за упис на ученици; Решение<br>- Прашалник за родители<br>- Евидентен лист; - Извод;<br>- Потврди;- Соопштение;<br>- Покани; - Мислење; Преведници |
| *проценка на јазичните и математичките способности кај учениците во почетните одделенија | - Дијагностичко испитување на подготвеноста за читање и определување на ниво на постигања по читање во II и III одд. Определување на ниво на постигања по математика во II и III одд. | IV/2025 | наставници | - Чек листи по нивоа на подрачја<br>- Обработени резултати<br>- Препораки за работа за наставниците и родителите; |
| *Читање со размислување во III и IV одд | -примена на текст за читање со размислување | | наставници | - Текст, прашања Обработени резултати и анализа |
| * поддршка на сите ученици во учењето | Презентација со работилница „Техника за успешно самостојно учење во VI одд.“ | IX/2024 | Класни раководители | Разговор со учениците Презентација, Флаер |
| - поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето | идентификување и поддршка за различните образовни потреби на учениците | учебна година. | психолог, наставници | - Разговори со наставници и род.<br>- Разговори и проценка на учен.<br>- Насоки за наставниците за работа со учениците;<br>- ИОП.<br>- Прилагодени образовни цели |
| - градење кај | - индивидуална и групна | Учебна | психолог, | - Разговори и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| учениците високи лични стандарди за успех и позитивен став кон учењето; | работа со учениците за учењето, успехот, системот на вредности | година. | наставници | проценка на учен.<br>- Препораки за ученици, наставници и родители;<br>- Разговори со родители; |
| подобрување на мотивираноста за учење кај учениците | - непосредна поддршка на учениците во учењето: „Подобрување на мотивацијата за учење“.<br>- „Стилови на учење“ | учебна година. | психолог, наставници | - Разговори со ученици;<br>- Препораки за начинот на учење;<br>- Работилници, презентација |
| **2.СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ** | | | | |
| 10. | Граѓанско општество: „Сите сме еднакви“ | април, 2025 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Изграден однос и почит кон вредностите на сите паартиципиенти во граѓанското општество |
| 11. | Училиште без дискрими-нација | јуни, 2025год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | Претседатели и пот-претседатели на ученички парламент | Развиена свест за нега-тивните последици на дис-криминацијата и изграден позитивен однос кон позитивната пракса за разрешување на истата. |

**Одговорни за ученички парламент**: Педагошко-психолошка служба, Игор Велков,Сања Кузмановска, Ленче Павиќевиќ, Антоанета Мишевска

## ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА III ОДДЕЛЕНИЕ

**Време на реализација:** во тековната учебна 2024/2025 година
**Место**:Крива Паланка
**Времетраење** Еден ден

| **Одделение** | *III одделение* |
|---|---|
| **Воспитно – образовни цели** | • *Запознавање и откривање на убавините на татковината  Република Македонија;*<br>• *Изучување, истражување и проширување на знаења за карактеристиките и спецификите на објекти во околината;*<br>• *Запознавање и проширување на знаења со постоечките културно-историски споменици;*<br>• *Развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;*<br>• *Да стекнат искуство за осамостојување и грижа за себе;*<br>• *Развивање на културни, хигиенски и еколошки навики и свест.*<br>• *Практикување на рекреативни активности-игри на отворено, прошетки, слушање на музика, игри за јакнење на меморија,внимание* |
| **Задачи** | ♠ *истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;*<br>♠ *развивање интерес за природата и градење еколошки навики;*<br>♠ *запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во овој крај;*<br>♠ *градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;*<br>♠ *развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;*<br>♠ *поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;*<br>♠ *социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;*<br>♠ *развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.* |
| **Активнос** | ➢ *Посети, набљудување, слушање на предавања од страна на водичи и кустоси;*<br>➢ *Фотографирање на објектите и предмети во манастирот,  собирање на разгледници од овој крај,  сувенири;* |

| | |
|---|---|
| ***ти*** | ➢ *Разговор со кустоси, историчари и граѓани;*<br>➢ *Дискусија со учениците и наставниците;*<br>➢ *Подготовка за групно изложување на подготвените изработки со помош на одделенскиот наставник;*<br>➢ *Изложување на изработките во училницата и во холот на училиштето.* |
| ***Раководители*** | Наташа Лазова Анчевска, Даниела Јовановска |
| ***Одговорни наставници*** | Наташа Лазова Анчевска, Даниела Јовановска |
| ***Време на реализација*** | *Месец Април-Мај еднодневна екскурзија* |
| ***Локалитети за посета и правци за патување*** | *Насока на движење*<br>*Зелениково – Крива Паланка - Зелениково*<br>*О.У. "Марко Цепенков" Зелениково*<br>*Локалитети за посета:* манастир „Јоаким Осоговски“, Планински туристички центар „Калин Камен“, Кривопаланечка тврдина, Спомен костурница |
| ***Техничка организација*** | *Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водичи, лекар* |
| ***Начин на Финансирање*** | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| ***Забелешка*** | *За учениците кои не учествуваат во екскурзијата училиштето организира настава.* |

Според Законот за основно образование (2019г) начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, по предлог на Бирото за развој на образованието. Врз основа на Концепцијата за воннаставни активности, Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта и Годишната програма за работа на ООУ,,Марко Цепенков“ - Зелениково за учебната 2024/2025 година, стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од ООУ„Марко Цепенков“ – Зелениково изготви:

## <u>НАСТАВА ВО ПРИРОДА V ОДДЕЛЕНИЕ</u>

### ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

**за учениците од Vодд. во учебната 2024/2025год**

| *Планирана -* | *Настава во природа за учениците од Vодд - мај 2025год.* |
|---|---|
| *Воспитно – образовни цели* | ✓ Да ги идентификува и почитува сите национални обележја на државата РС Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата;<br>✓ Да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава и да ги поврзува со општествениот развој;<br>✓ Да ја раскаже и објасни историјата на сопствениот народ и на историите на другите народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато;<br>✓ Да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност;<br>✓ Да ги објаснува карактеристиките на природните и општествените средини и нивната поврзаност со организацијата на животот на луѓето;<br>✓ Да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти;<br>✓ Да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации, користистејќи различни форми на изразување<br>✓ Да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации.<br>✓ Применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини<br>✓ Да негува здрав животен стил кога се работи за сите сфери на живеење,вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности<br>✓ Да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа |
| *Содржини/ опис на активности* | ❖ *Јазична писменост* – активности на изразување,создавање и интерпретирање на чувства, факти и мислења во усна и различни писмени форми, со користење на визуелни, звучни/аудио и дигитални материјали во различни дисциплини и контексти.<br>✓ *Математика и природни науки* - оспособеност и подготвеност за користење на различни математичко-логички начини на размислување и нумеричко и просторно претставување при решавање проблеми од секојдневниот живот. Примена на сознанијата и пристапи базирани на докази при објаснување на природните појави и подобрување на животот на луѓето, како и за разбирање на промените во природата што се предизвикани од влијанието на активностите на луѓето врз околината. |

- ✓ *Историја и општество* - познавањето и разбирање на себеси, за општеството, неговата историја и организација, како и на вештините и ставовите што треба да овозможат ученикот да се однесува демократски и одговорно во/вон училиштето и во иднина да биде одговорен граѓанин/граѓанка и мотивирано и активно да учествува во општествениот и граѓанскиот живот
- ✓ *Уметничко изразување и култура* - практикување активности од областа на музиката, танцот, ликовната уметност, литературното творештво, дизајнирањето,изведбените уметности и слични активности кои водат до создавање продукти со културно-уметничка содржина или доживувања во интеракцијата со дела од културата
- ✓ *Дигитална писменост* - користење на ИКТ за достап до информации, на умешно и ефективно користење за решавање проблеми, споделување идеи, комуникација и соработка во рамки на училиштето и животот вон училиштето, на создавање дигитални содржини, како и на етичко и безбедно користење на дигитална технологија во секојдневниот живот
- ✓ *Личен и социјален развој* - сопствено осознавање и развој на физичките, когнитивните, афективните и социјалните аспекти на добросостојбата. Формирање на активни и одговорни личности кои се подготвени за справување со предизвиците на секојдневното живеење  како поединец и како припадник на групи.

*Конкретизација на содржините/актвностите*
*Прв ден:*

1. *<u>Македонски јазик</u>: ППЈазик и комуникација* -Препознава кога комуникацијата е на стандарден/ литературен јазик, а кога е на дијалект/народен говор и објаснува зошто. Ученикот слуша приказни/легенди  кажани на различни дијалекти на македонскиот јазик и ги идентификуваат (запишуваат) зборовите што се акцентирани различно од правилото на стандардниот јазик. По секоја слушната приказна неколку ученици кажуваат по еден пример од идентификуваните зборови на дијалект, а други ги кажуваат на стандарден јазик
2. *<u>Математика</u>: Т-5 Мерење* - дискусија за подолгите временски периоди: година, деценија, век, милениум. Учениците дискутираат за  настани кои се случиле: пред една година, пред една деценија, пред еден век, пред еден милениум
3. *<u>Историја и општество:</u> - Т-3Историја и праисторија -* Наставникот објаснува дека историјата се учи преку податоци за минатото од различни извори кои може да бидат материјални и пишани.Учениците набљудуваат познати археолошки наоѓалишта и обележја од богатото културно  наследство на територијата на нашата држава, ги лоцира временски и просторно.

4. *<u>Музичко образование</u> – Т-1Слушаме музика-* Преку аудио/видео снимки наставникот демонстрира различни изведби (вокални, инструментални и вокално-инструментални групи и состави) од различни жанрови (класични, народни, поп, рок, рап, латино, техно); учениците ги идентификуваат слушно и визуелно музичките состави и жанрови.
5. *<u>Други активности:</u>*
   - Креира едноставни прашања за спроведување интервју, користи едноставни начини за верификување на информации и фотографии од интернет.
   - Во дневник со активности опшуваат настан од минатото користејќи усни извори – сеќавања на постарите жители/кустоси/свештени лица.
   - Учениците ги користат мобилните телефони за одговарање на прашања (на пример: историска мапа; фотографија на лице или настан од минатото; археолошка ископина, како на пример: монета или друг предмет; писмо или друг документ од минатото. Во презентацијата може да вметнат и усни извори – сеќавања на постарите жители како поткрепа на визуелните извори од поблиското минато. Секоја група го презентира подготвеното пред другите.

*Втор ден:*

1. *<u>Физ.и здр.образование</u> – Т-2Гимнастика, ритмика и танци-* Изведува комплекс вежби за обликување на целото тело во различни ставови и положби.
2. *<u>Македонски јазик</u>: ППЛитература и творење* – Усно (писмено)опишува ликови, пејзажи, појави, објекти (реални и измислени). Раскажува настан од сопствено доживување
3. <u>*Математика*</u>: Т-5*Работа со податоци* – планира и реализира истражувања на прашања од секојдневен контекст; ја проценува можноста да се случи одреден настан поврзан со даден експеримент (активности)Учениците, поделени во групи, запишуваат прашања кои би сакале да ги истражуваат. Потоа од листата на прашања со консензус избираат прашање за кое ќе изработат план за истражување и го реализираат. Секоја група ученици има можност да ги собира, организира, средува и да ги претстави податоците, а потоа учениците од секоја група треба да бидат подготвени да одговорат на поставени прашања од другите ученици по нивното презентирање
4. *<u>Историја и општество</u> – Т-3 Историја и праисторија-* Секое одделно наоѓалиште учениците го набљудуваат. Потоа, поделени во групи, во дневникот со активности опишуваат што виделе и тоа го споделуваат пред сите, а наставникот укажува

на значењето на самото наоѓалиште. Следно, учениците во истите групи самите истражуваат, користејќи дигитални алатки, каде се наоѓа и од кога потекнува и наодите ги презентираат пред сите. Истата постапка се повторува за секое наоѓалиште одделно. На крајот секое наоѓалиште го лоцираат на географска карта и на временска лента. Во презентацијата може да вметнат и усни извори – сеќавања на постарите жители како поткрепа на визуелните извори од поблиското минато. Секоја група го презентира подготвеното пред другите.

5. *<u>Други активности</u>*
    - Ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации, користистејќи различни форми на изразување преку визуелни уметности, музиката и танците
    - Спортски игри -учениците изведуваат игри во слободен простор
    - Игра Подиум за танцување. Учениците изведуваат движења со нозете и рацете, следејќи ја музиката од различни жанрови (класични, народни, поп, рок, рап, латино, техно)

*Трет ден:*

1. *<u>Македонски јазик</u> – ППЛитература и творење* - Опишува ликови, пејзажи, појави, објекти (реални и измислени). Раскажува настан од сопствено доживување. Во дневник на активности креира текстови со едноставни композициски структури на дадена тема, почитувајќи го правилото за воведен, главен и завршен дел од текстот и следејќи ги правописните и граматичките правила.
2. *<u>Историја и општество</u>* – Т-3*Историја и праисторија* - разликува како се дели минатото на човештвото на два големи временски периоди–праисторија и историја. Набљудува примери на познати археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава и ги лоцира временски и просторно. Опишуваат што виделе и тоа го споделуваат пред сите, а наставникот укажува на значењето на самото наоѓалиште. Учениците од стручно лице осознаваат од кога потекнува и наодите и ги запишуваат. Во дневникот на активности, секое наоѓалиште го лоцираат на географска карта и на временска лента. Во презентацијата може да вметнат и усни извори – сеќавања на постарите жители како поткрепа на визуелните извори од поблиското минато. Секоја група го презентира подготвеното пред другите.

| | |
|---|---|
| | 3. *Ликовно образование – Т-3Пластично обликување и градење* - Учениците моделираат композиција од различни геометриски форми или слободни форми на глинена плоча со помош на додавање на материјал или длабење на подлогата. Од наставникот добиваат насока да создадат релјефна композиција во која ќе се препознаат основните елементи (испакнато/вдлабнато, аглесто/валчесто...).<br>4. *Математика*: Т-5*Работа со податоци* – планира и реализира истражувања на прашања од секојдневен контекст; ја проценува можноста да се случи одреден настан поврзан со даден експеримент (активности)Учениците, поделени во групи, запишуваат прашања кои би сакале да ги истражуваат. Потоа од листата на прашања со консензус избираат прашање за кое ќе изработат план за истражување и го реализираат. Секоја група ученици има можност да ги собира, организира, средува и да ги претстави податоците, а потоа учениците од секоја група треба да бидат подготвени да одговорат на поставени прашања од другите ученици по нивното презентирање<br>5. *Други активности:*<br>~ Слушаме музика -различни изведби (вокални, инструментални и вокално-инструментални групи и состави) од различни жанрови (класични, народни, поп, рок, рап, латино, техно<br>~ Учениците *и*зведуваат комплекс вежби за обликување на целото тело во различни ставови и положби. Спортски игри во слободен простор<br>~ Учениците сликаат мотив - пејсаж со користење на ликовните елементи боја (топли бои) и простор, а како материјал употребуваат темпера. Наставникот ги насочува да создадат композиција со нагласување на надворешниот простор. |
| ***Раководител, Одговорни наставници, ученици*** | Раководители - одделенски наставници од Vодд. Дијана Кучиновска,Јасминка Стојановска |
| | ✓ Наставата во природа се изведува во согласност од најмалку 50%од родителите на учениците во одделението.<br>✓ За учениците кои не одат на настава во природа училиштето организира настава во училиштето.<br>✓ За учениците кои од економски причини не можат да учествуваат на настава во природа, директорот може да обезбеди нивно учество преку сопствени извори, донации, спонзорства и други извори |
| ***Време на реализација*** | Април-Мај 2025год. - Тродневна настава во природа<br>Наставата во природа се организира со ученици од Vодд.за време на воспитно-образовната работа, во тековната 2024/25год. |

| | |
|---|---|
| ***Локалитети за посета*** | *1ден.Правец на движење- патување: Скопје-Велес-Прилеп-Крушево-Битола-Охрид со посета на:*<br>❖ куќата на Кочо Рацин<br>❖ *Могилата на непобедените и посета на плоштадот (споменик на Александар Македонски)*<br>❖ *музејот – Спомен куќа и гробот на Тоше Проески*<br>❖ *прошетка низ Широк сокак*<br>❖ *посета на археолошкиот локалитет Хераклеа*<br>❖ *пристигнување во вечерните часови во Охрид и сместување на учениците во хотел*<br>❖ *вечера*<br>❖ *ноќевање*<br>❖<br>*2.ден Правец на движење-патување:*<br><br>♠ *појадок*<br>♠ *Охрид-Билјанини извори*<br>♠ *Музејот на коските*<br>♠ *посета на Св; Наум*<br>♠ *ручек*<br>♠ *прошетка низ центарот на Охрид*<br>♠ *посета на Плаошник*<br>♠ *посета на Самоиловата тврдина*<br>♠ *посета на куќата на Робевци*<br>♠ *посета на црквата Св. Софија*<br>♠ *вечера*<br>♠ *забава*<br><br>*3. ден Правец на движење - патување Охрид – Маврово–Скопје*<br>♠ *појадок*<br>♠ *посета на мостот на кој се одржуваат "Струшките вечери на поезијата" Разгледување на Струга и Црн Дрим, Природно научен музеј „ д-р Никола Незлобински"*<br>♠ *Вевчански водопади*<br>♠ *Манастир „Св. Георгиј Победоносец" - Рајчица,*<br>♠ *посета на Св.Јован Бигорски*<br>❖ *посета на Националниот парк Маврово*<br>❖ *патување кон Скопје* |
| ***Процес на организација:***<br><br>***Техничка Организација*** | ✓ Презентазија на планирана настава во природа во Годишната програма на училиштето за учебната 2024/25г. пред Наставнички совет и Совет на општина Зелениково,<br>✓ Запознавање на родителите со програмата и поделба на анкетни листови за одзив.<br>✓ Формирање комисија од Совет на родителите наVодд. и двајца одделенски наставници |

| | |
|---|---|
| | ✓ Одлука на Училишен совет<br>✓ Согласност од БРО<br>Училиштето преку јавен оглас избира лиценцирана туристичка агенција која ги исполнува условите согласно Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта. Објектот - одморалиште/хотел во кој се изведува настава во природа треба да има најмалку една училница/просторија опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно образование во СРМакедонија |
| ***Начин на финансирање*** | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| ***Забелешка*** | ***Очекувани резултати*** – ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>~ Манифестира чувство на припадност кон државата;<br>~ Идентификуваат сличностите и разликите на сопствената култура и културата на другите заедници,<br>~ Раскажуваат за богатата историја на сопствениот народ и другите народи кои живеат во нашата земја во контекст на споделено историско минато и богатото културното наследство преку визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти;<br>~ Непосредно набљудуваат, проучуваат, воспириемаат знаења во природни услови за предметите и појавите во природната и животната средина и да ги демонстрираат во нивната оригинална димензија.<br>~ Манифестира доблесни карактерни особини, негува здрав животен стил и навики во исхраната, спортски и рекреативни активности<br>~ Преку запознавањето на природните убавини , учениците ќе го развиваат естетско-еколошко чувството за доживување на убавото, кај нив ќе се формираат навики за спортување и рекреација, а со тоа ќе им се подобри физичката и психичката како и општата здравствена состојба.. |
| | Доколку предвидената настава во природа нема да може да се изведе во Охрид поради некои непредвидени причини , тогаш истата ќе се реализира во место каде ќе бидат создадени услови за изведување на ваков тип на настава ( Дојран, Струмица или друго место кое ќе нуди подобри услови и ќе ги исполнува критериумите и стандардите за реализирање на настава во природа ) . Доколку предвидената настава во природа нема да може да се изведе на ниту едно место , тогаш истата да може да се замени со еднодневен излет во подалечна околина. Доколку агенцијата која ќе биде избрана на соодветен тендер не пронјаде партнер училиште со ученици од V одделение( поради мал број на ученици од нашето училиште) за реализација на настава во природа, програмата е кординарана со прогамата за изведување на екскурзии во IX одделение со учениците од нашето училиште, со цел истата да може да биде реализиарана. Терминот на реализација може да претрпи промени.За сите промени кои ќе се случат навреме ќе бидат известени : директорот на училиштето , стручната служба , советот на родители , учениците , родителите од учениците и одделенските наставници од петтите одделенија како и БРО . |

**Програма за дводневна екскурзија за VI одделение низ Република Северна Македонија**

ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА

| *Место* | *Источна Македонија – Берово и Беровско Езеро* |
|---|---|
| *Одделение* | *VI одделение* |
| *Воспитно – образовни цели* | *1. Непосредно запознавање со природните убавини на Источна Македонија, градовите Кратово, Берово и Беровското езеро; Струмица, водопадите во Колешино, манастирот Св. Леонтиј – Водоча, планините,*<br><br>*2. Запознавање со животот на луѓето во Источна Македонија, стопанските дејности кои се реализираат, риболовот како стопанска дејност, мандрите, обичаи карактеристични за регионот од Источна Македонија- и развојот на туризмот;*<br><br>*3. Стекнување на нови знаења за македонските градови, нивниот настанок, историја, значењето на Источна Македонија воантичкиот период, случувањата во тој дел од Македонија за време на Самоиловата држава, битката на Беласица, движењата за слободна и независна Македонија од Карпош, преку Илинденскиот период,балканските и двете светски војни, до судбината на дејците за независна Македонија во СФРЈ. Се прави осврт на развојотна Источна Македонија во независна Република Македонија.*<br>*Целта се реализира преку предавања на туристички водич и кустоси.*<br>*4. Запознавање со важноста на културното наследство на Источна Македонија преку посета на античкиот град Стоби, цркви и манастири. Учениците стекнуваат знаења за нивното настанување и опстанок доденес, со што се позитивно се влијае на развојот на естетски чувства, патриотизам, почитување на разликите.*<br>*5. Стекнување на нови знаења поврзани со Дојранското езеро, причините за создавање на Стар и Нов Дојран, еколошкатакатастрофа на Дојранското езеро, мерките за негово оживување и ефектите од превземените мерки, со што кај учениците серазвива еколошката свест и потреба за заштита на приордните богатства;*<br>*6. Развој на самостојност, самодоверба, почит кон Република Македонија, нејзиното културно-историско наследство,еколошки и хигиенски навики;*<br>*7. Почитување на временска рамка за реализација на активности, културно однесување, развивање на комуникацискивештини, развивање на литературно, ликовно и естетско изразување;*<br><br>*Практикување на рекреативни активности-игри на отворено, прошетки, слушање на музика, игри за јакнење на меморија, внимание.* |

| | |
|---|---|
| *Задачи* | ♣ *изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;*<br>♣ *развивање интерес за природата и градење еколошки навики;*<br>♣ *запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;*<br>♣ *градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;*<br>♣ *развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;*<br>♣ *поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;*<br>♣ *социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;*<br>♣ *развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.* |
| *Активности* | ♠ *Посети, набљудување, слушање на предавања, презентации на водичи и кустоси;*<br>♠ *Прибирање на податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјал*<br>♠ *Дискусија со наставниците;* |
| *Раководители* | *Антоанета Мишева,Ленче Павиќевиќ* |
| *Одговорни наставници* | *Антоанета Мишева,Ленче Павиќевиќ* |
| *Време на Реализација* | *Месец Април-Мај* |
| *Локалитети за посета и правци за патување* | *Правец на патување(одење): Зелениково - Кратово – Берово – Струмица*<br>*Правец на патување (враќање): Струмица– Валандово - Зелениково*<br>*1.Првиот ден ќе се реализираат посети на:*<br>~ *Тргнување од Зелениково во утринските часови*<br>~ *Посета на Градот Кратово со разгледување на неговите знаменитости и запознавање со неговата историја низ временските периоди*<br>~ *Посета на Берово запознавање со неговата историја низ временските периоди, стопанството и Беровското езеро;* |

| | |
|---|---|
| | ~ *Струмица запознавање со нејзината историја низ временските периоди и стопанството на овој крај*<br>~ *Посета на манастирот во Водоча*<br><br>*2. Вториот ден се реализраат следниве активности:*<br>~ *Појадок*<br>~ *Прошетка низ градот Струмица*<br>~ *Запознавање со градот Струмица*<br>~ *Посета на Колешинските водопади;*<br>~ *Запознавање со риболовот како стопанска дејност и мандрите*<br>~ *Посета на Валандово на праисторискиот локалитет Марвинци;*<br>~ *Посета на античкиот град Стоби.*<br>~ *При враќање за Скопје во автобус се играат игри „Меморија-што запомнивме од денот, „Прашања и одговори-за виденото и чуеното"*<br>~ *Разгледување на прибраните материјали*<br>~ *Пристигнување во Зелениково во попласневните часови* |
| *Техничка организација* | *Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси,минибус, добри услови на сместување, туристички водичи, лекар* |
| *Начин на финансирање* | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| *Забелешка* | *За учениците кои не учествуваат во екскурзијата училиштето организира настава.* |

**Програма за тридневна екскурзија за IX одделение низ Република Северна Македонија**

| Место | Западна Македонија - Охрид и Охридско Езеро |
|---|---|
| Одделение | IX одделение |
| Воспитно – образовни цели | ❖ Запознавање и откривање на убавините на татковината Република Македонија;<br>❖ Изучување, истражување и проширување на знаења за карактеристиките и спецификите на објекти во околината;<br>❖ Запознавање и проширување на знаења со постоечките културно-историски споменици;<br>❖ Развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности<br>❖ Избор на храна и безалкохолни пијалоци кои се користат за време на екскурзијата, според правилата за здрава, еколошки чиста и разновидна исхрана-зеленчуци, овошје, негазирани сокови, храна која содржи белковини, јагленохидрати со калорична вредност од 1900кcal- насоки од одделенски наставници;<br>❖ Одржување на чиста средина и примена на еколошките стандарди во превозното средство-автобусот, локалитетите кои се посетуваат<br>Насоките ги даваат: предметните наставници, Еко-оборот;<br>Рекреација и културно-уметничко изградување на учениците. |
| Задачи | ♣ изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;<br>♣ развивање интерес за природата и градење еколошки навики;<br>♣ запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;<br>♣ градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;<br>♣ развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности; |

| | |
|---|---|
| | ♣ *поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;*<br>♣ *социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;*<br>♣ *развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.* |
| *Активности* | *Посети, набљудување, слушање на предавања, презентации на водичи и кустоси;*<br>*Прибирање на податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, собирање на разгледници, сувенири,туристички проспекти и материјали со историски содржини од секој посебен објект;*<br>♠ *Водење интервју со кустоси, историчари, граѓани и сл.*<br>♠ *Дискусија со наставниците;*<br>♠ *Подготовка и индивидуално изложување на подготвени трудови;*<br>*Презентација на изработките во училиштето.* |
| *Раководители* | Игор Велков,Сања Соларова Андовска |
| *Одговорни наставници* | Игор Велков,Сања Соларова Андовска |
| *Време на реализација* | *Септември/Октомври тродневна екскурзија можно е месец април,мај* |
| *Локалитети за посета* | *1ден.Правец на движење- патување: Скопје-Велес-Прилеп-Крушево-Битола-Охрид со посета на:*<br>❖ куќата на Кочо Рацин<br>❖ *Могилата на непобедените и посета на плоштадот (споменик на Александар Македонски)*<br>❖ *музејот – Спомен куќа и гробот на Тоше Проески*<br>❖ *прошетка низ Широк сокак*<br>❖ *посета на археолошкиот локалитет Хераклеа*<br>❖ *пристигнување во вечерните часови во Охрид и сместување на учениците во хотел*<br>❖ *вечера*<br>❖ *ноќевање*<br>*2.ден Правец на движење-патување:*<br>♠ *појадок*<br>♠ *Охрид-Билјанини извори*<br>♠ *Музејот на коските*<br>♠ *посета на Св; Наум*<br>♠ *ручек*<br>♠ *прошетка низ центарот на Охрид*<br>♠ *посета на Плаошник*<br>♠ *посета на Самоиловата тврдина*<br>♠ *посета на куќата на Робевци*<br>♠ *посета на црквата Св. Софија*<br>♠ *вечера* |

| | |
|---|---|
| | ♠ *забава*<br>*3. ден Правец на движење - патување Охрид – Маврово–Скопје*<br>♠ појадок<br>♠ *посета на мостот на кој се одржуваат "Струшките вечери на поезијата" Разгледување на Струга и Црн Дрим, Природно научен музеј „ д-р Никола Незлобински“*<br>♠ Вевчански водопади<br>♠ Манастир „Св. Георгиј Победоносец“ - Рајчица,<br>♠ посета на Св.Јован Бигорски<br>❖ *посета на Националниот парк Маврово*<br>❖ *патување кон Скопје* |
| *Техничка организација* | *Високо квалитетни патнички автобуси,минибус, климатизирани, безбедни, добри услови на сместување, туристички водич, доктор* |
| *Начин на финансирање* | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| *Забелешка* | *.Доколку агенцијата која ќе биде избрана на соодветен тендер не пронјаде партнер училиште со ученици од девето одделение( поради мал број на ученици од нашето училиште) за реализација на тродневната екскурзија, програмата е кординарана со прогамата за изведување настава во природа во петто одделение со учениците од нашето училиште.За сите промени кои ќе се случат навреме ќе бидат известени : директорот на училиштето , стручната служба , советот на родители , учениците , родителите од учениците и одделенските наставници од петтите одделенија како и БРО .*<br>*За учениците кои не учествуваат во екскурзијата училиштето организира настава.* |

**Напомена**
Програмата за екскурзијата може да претрпи промени во согласност со времето и текот на екскурзијата.

**Училишниот тим планира два еднодневни излети за сите ученици во училиштето. Едниот се изведува во есен најчесто во месец септември, односно октомври, а вториот се изведува напролет во месец мај.**

**Истите се планираат по одредени цели и содржини , изготвени од тимот наставници одговорни за изведување на училишните екскурзии и излети.**

***ЕДНОДНЕВЕН ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ***
***ПЛАН ЗА ВОНУЧИЛИШНА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА***

| Место | Марков Манастир |
|---|---|
| Одделение | I – IX одделение |
| Воспитно – образовни цели | ~ Запознавање, откривање и воочување на природните убавини и местоположбата на Марков Манастир;<br>~ Запознавање на културните вредности на блиската околина;<br>~ Запознавање на учениците со културно историско наследство;<br>~ Развивање еколошки навики и љубов кон природата;<br>~ Стекнување искуство за самостојност и грижа за себе во природата.<br>~ Запознавање со користа од спортување - пешачење во природа. |
| Задачи | – развивање интерес за културно историско наследство<br>– Развивање на интерес за природата и градење еколошки навики;<br>– градење чувство за толеранција и соживот;<br>– поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;<br>– социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе во природата;<br>– развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење. |
| Активности | ➢ Проширување и практична примена на сознанија за културно историските споменици и природните убавини на главноит град;<br>➢ Запознавање со убавините на излетничките места во блиската околина;<br>➢ Воочување на местоположбата на Марков Манастир;<br>➢ разгледување на манстирот,<br>➢ спортски активности, рекреирање и одмор; |

| | |
|---|---|
| | ➢ *еколошка акција, подигнување на свеста за почиста околина.* |
| ***Раководител*** | *Александар Мирчевски, Јасминка Стојановска* |
| ***Одговорнинаставници*** | *Александар Мирчевски, Јасминка Стојановска* |
| ***Времена Реализација*** | *септември/октомври* |
| ***Локалитети за посета и правци за патување*** | *Насока на движење*<br>*Зелениково –Марков Манстир- Зелениково*<br>*ОУ„Марко Цепенков”- Марков Манстир - ОУ„Марко Цепенков”* |
| ***Техничка Организација*** | *Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водичи, лекар* |
| ***Начинна Финансирање*** | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| ***Забелешка*** | *За учениците кои не посетуваат екскурзија училиштето организира настава.* |

***Забелешка:**

Поради досегашното искуство во организирање на еднодневни екскурзии и малиот одзив на ученици планираме да изведеме алтернативен излет во блиската околина, доколку и оваа учебна година за оваа понуда одзивот на ученици е мал, како во централното така и во подрачните училишта.

## *ЕДНОДНЕВЕН ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ*
## *ПЛАН ЗА ВОНУЧИЛИШНА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА*

| *Место* | *Средно Водно, Скопје* |
|---|---|
| *Одделение* | *I - IX одделение* |
| *Воспитно – образовни цели* | ✓ *Запознавање и откривање на природните убавини во блиската околина;*<br>✓ *Запознавање на културните и верските вредности во блиската околина;*<br>✓ *Развивање на чувства за негување на културата и традицијата на нашиот народ;*<br>✓ *Развивање еколошки навики и љубов кон природата;*<br>✓ *Стекнување искуство за самостојност и грижа за себе во природата.* |
| *Задачи* | ✓ *изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;*<br>✓ *развивање интерес за природата и градење еколошки навики;*<br>✓ *запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето;* |

| | |
|---|---|
| *Активности* | ✓ *градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;*<br>✓ *развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;*<br>✓ *поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;*<br>✓ *социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;*<br>✓ *развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.*<br>✓ *Проширување и практична примена на сознанија за природните убавини;*<br>✓ *Запознавање со убавините на излетничките места во нашата околина;*<br>✓ *Воочување на место положбата на планината Водно и околината,*<br>✓ *спортски активности, рекреирање и одмор;*<br>✓ *еколошка акција за одржување на хигиената.* |
| *Раководител* | *Игор Велков* |
| *Одговорни наставници* | *Даниела Јовановска,Кристина Велковска* |
| *Време на реализација* | *Месец април-мај* |
| *Локалитети за посета и правци за патување* | *Насока на движење*<br>*ЗЕЛЕНИКОВО - Средно Водно - ЗЕЛЕНИКОВО*<br>*ООУ„Марко Цепенков”- Средно Водно - ООУ„Марко Цепенков”* |
| *Техничка организација* | *Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водичи, лекар* |
| *Начин на Финансирање* | *Самофинансирање од страна на родителите* |
| *Забелешка* | *За учениците кои не учествуваат во екскурзијата училиштето организира настава.* |

***Забелешка:** Поради досегашното искуство во организирање на еднодневни екскурзии и малиот одзив на ученици планираме да изведеме алтернативен излет во блиската околина доколку и оваа учебна година за оваа понуда одзивот на ученици е мал, како во централното така и во подрачните училишта.

**Училишни натпревари**

| Натпревар | Предвидено време на реализација | Одговорен наставник | Одд. |
|---|---|---|---|
| **Математика општински** | февруари | Сања Кузмановска | IV-IX |
| **Математика регионален** | март | Наставници IV - IX | IV-IX |
| **Применета математика-Народна техника** | април | Сања Кузмановска | IX |
| **Англиски јазик** | април | Силвана Велинова<br>Кристина Велковска | V- IX |
| **Македонски јазик** | Април/мај | Сања Соларова-Андовска | IX |
| **Географија регионален** | април | Ленче Павиќевиќ | VIII-IX |
| **Применета географија – народна техника** | април | Ленче Павиќевиќ | VIII-IX |
| **Хемиска олимпијада** | март | Софија | IX |
| **Природни науки** | март | Одд.наставници<br>Игор Велков | IV-V |
| **Биологија** | март | Игор Велков | VII-IX |
| **Прва помош** | мај | Сања Кузмановска | VI-IX |

Планирани се и интерни спортски натпревари, квизови и учество на литературни и ликовни конкурси во текот на годината

## ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

| Подрачје | Активности | Краток опис на активноста | Реализатори |
|---|---|---|---|
| 1. Соработка на наставниците на професионален план | заедничко учество во обуки, работилници и стручни активи, заедничко планирање на наставата, заедничка подготовка на тестови, меѓусебни посети за набљудување на часови, размена на наставни материјали | Заедничко реализирање на дисеминации , состаноци на стручни активи, соработка при изработката на планирања и програми, размена на наставни материјали | - одделенски наставници - предметни наставници - стручна служба |
| 2. Заеднички активности со ученици | Излети и посети, приредби, прослави и забави, еколошки акции и настани во општината; слободни ученички активности, спортски активности, хуманитарни активности; заеднички часови, проектни активности | Планирање и реализирање на работилници од ОЖВ како подготвителни активности, заедничко планирање и реализирање на „заеднички“ активности со учениците од двата наставни јазика – размена на информации и ставови, дружење во различна средина, учество во различни акции | |
| 3. Проекти со локална заедница | Еколошки и хуманитарни проекти, промоција на општината | Вклучување на училиштето – учениците и наставниците во реализирањето на активности на локално ниво, планирање и евалуација на активностите | |
| 4. Застапеност на мултикултурна иконографија | Изготвување на мултикултурна иконографија (сликовен и пишан материјал во холовите) | Изработка на паноа и мултикултурни катчиња од страна на мешани групи | - одделенски наста |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. Соработка со родители | Вклучување на родителите во заедничките активности со ученици од различни наставни јазици | Информирање на родителите за планираните активности, нивно вклучување во конкретни активности | - СИТ, координат ор на МИО<br>- ученици, родители, наставниц и<br>- локална заедница<br><br>- одделенс ки и предмет ни наставни |
| 6. Следење и самоевалуација на училиштето | Следење и документирање на спроведените активности, изготвување на извештаи | Рефлексија на спроведените активности, изготвување на индивидуални портфолија и училишно портфолио, изготвување на годишен извештај од СИТ | |
| 7. Промоција на реализираните активности | Изготвување на промотивен материјал и промотивни настани | Изготвање на покани, брошури, паноа реализирање на промотивни настани – приредби, работилници | |

| **Воннаставна - МИМО -Работилници** | |
|---|---|
| Назив и тема на работилницита | “ Светски ден на математиката“ |
| Реализатор/и | Сања Кузмановска, Муарем Имери |
| Ученици за кои е наменета | Ученици од предметна настава од ЦОУ и ПОУ –с.Страхојадица |
| Време и место на одржување | 14 март 2024 ЦОУ “Марко Цепенков“ , Зелениково |

| **Воннаставна - МИМО -Работилници** | |
|---|---|
| Назив и тема на работилницата | Новогодишна работилница – „Новогодишна честитка “ |
| Реализатор/и | Одд.наставници од ЦОУ( IV одд.) и одд.наставници од ПОУ Страхојадица |
| Ученици за кои е наменета | Ученици од одделенска настава од ЦОУ и ПОУ Страхојадица, |
| Време и место на одржување | Втора недела декември, учлница, Зелениково |

| Назив и тема на работилницата | Осмомартовска работилница „За мама“ |
|---|---|
| Реализатор/и | Одделенски наставници од ПУ с.Орешани и Одделенски наставници од ПУ с. Страхојадица |
| Ученици за кои е наменета | ПУ с.Орешани и ПУ с.Страхојадица( I-Vодд) со „мешани“ групи ученици кои учат на различни наставни јазици| |
| Време и место на одржување | прва недела март, училница |

Вонаставни активности со „мешана“ група ученици од ООУ„Марко Цепенков“ - Зелениково за поттикнување развој на интеркултурните компетенции кај учениците и промовирање на мултикултурниот/ мултиетничкиот карактер на нашата држава
.

## Акционен план за реализација на проектот- Антикорупциска едукација на учениците од основно училиште

| Планирана програмска активност | Цел на активноста | Реализатор | Време на реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Предзнаења на учениците за корупција и антикорупција | Проверка на предзнаењата на учениците преку пополнување на прашалник | Наставник по граѓанско образование | Октомври 2024 | Согледувања на предзнаењата на учениците |
| Предавање за запознавање на учениците со поими од оваа област | Разбирање и препознавање на поимите | Наставник по граѓанско образование | Октомври 2024 | Запознавање со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност |
| Причини и последици од корупција | Согледување на факторите и причините кои доведуваат до појава на корупција како и последиците од истата | Наставник по граѓанско образование | Ноември 2024 | Препознавање на причините и последиците за корупција |
| Работилници за антикорупциска едукација на учениците | Активно учество на учениците преку сфаќања или разбирање на поими, настани и слично (преку разгледување на примери и ситуации од секојдневниот живот) | Наставник по граѓанско образование | Ноември 2024 | Запознавање на учениците со примери од корупција преку примери и ситуации од секојдневниот живот |
| Работилница Активна борба против корупцијата | Изработка на лого на училиштето за корупција и антикорупција | Наставник по граѓанско образование | Декември 2024 | Креативна примена на стекнатото знаење |
| Утврдување на знаењата на учениците за корупција и антикорупција | Пополнување на прашалници и други активности за проверка на знаењата | Наставник по граѓанско образование | Декември 2024 | Да се утврдат знаењата на учениците |

## План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

| Р. бр | Активност | Носител | Време на реализација | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Посета на часови по различни предмети | стручен соработник<br>директор | ноември март | Успешност во реализација на наставните цели |
| 2. | Посета на часови | стручен соработник<br>директор | ноември март | Примена на современи методи и форми на работа |
| 3. | Посета на часови за дополнителна и додатна настава | стручен соработник<br>директор | октомври/април | Примена на индивидуализиран/диференциран пристап |
| 4. | Анализа на посетени часови со акцент на очекувани исходи на часот | стручен соработник<br>директор | април | Утврдување на недостатоци во реализација на очекуваните исходи |
| 5. | Презентација на добиените сознанија<br>Наставнички совет | стручен соработник<br>директор | мај | Објективни сознанија за актуелната состојба во наставниот процес |

## ПЛАН ЗА СОРАБОТКА СО ЗДРАВСТВЕНИ ИНСТИТУЦИИ

| Вид на соработка | Организатор | ОДДЕЛЕНИЕ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|---|
| Вакцинација Di-Te-Per | Поликлиника Драчево | IX | септември |
| Систематски преглед на учениците и вакцина | Поликлиника Драчево | I, III, V, VII, IX | континуирано |
| Редовен стоматолошки преглед на заби и заливки на здравите заби | Поликлиника Драчево | I –IX | континуирано |
| Систематски преглед на учениците и вакцина- МРП-ревакцина | Поликлиника Драчево | I | октомври/ноември |
| Предавње на тема: Лична хигиена и Исхрана на здравје | Центар за јавно здравство | IV,V,VI ,VII | ноември |
| Работилници- Градба и функција на орална празнина | Поликлиника Драчево | I - V | континуирано |
| Alliways – Едукативна програма | Procter&Gambie – одобрена од МОН | VI | март/април |

| **ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА**<br>ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 **ГОДИНА** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.САМОСПОЗНАВАЊЕ** | | | | | | |
| **АКТИВНОСТИ** | ЦЕЛИ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ | ФОРМИ/МЕТОДИ НА РАБОТА | РЕСУРСИ | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ | ИНДИКАТОРИ |
